Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Четириесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 26 јануари 2021 година

Скопје, јануари 2021 година

**З А П И С Н И К**
**од Четириесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 јануари 2021 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:30 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, како и првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Артан Груби.

На седницата учествуваа Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси и членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, како и Калинка Габер, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања и Кирил Парталов, државен секретар во Министерството за локална самоуправа.

На седницата учествуваа и Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Снежана Сарџовска, нотар.

На седницата не учествуваа Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и м-р Никола Димитров,

заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

**- Усвојување на Записникот од 37-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 јануари 2021 година**

**- Усвојување на Записникот од 38-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 јануари 2021 година**

**- Усвојување на Записникот од 39-та (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 јануари 2021 година**

1. Записник од Дваесет и првиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус КОВИД-19, одржан на 25 јануари 2021 година

2. Годишна програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2021 година, со дополнувања и со Предлог-одлука

3. Годишна инвестициона програма на ЈП „Национални шуми“ за 2021 година, со дополнувања и Предлог-одлука

4. Бизнис план за 2021 година, инвестициони програми за 2021, 2022 и 2023 година, Финансиска програма за 2021 и Тригодишен план за период од 2021-2023 година на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје, со предлог-одлуки

5. Предлог-статутарна одлука за изменување на Статутот на Акционерско друштво „Медиумска информативна агенција АД“ - Скопје, во државна сопственост

6. Програма за работа на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија за 2021 година и Годишен финансиски план за реализација на Програмата за работа на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија за 2021 година, со предлог - одлуки

7. Предлог-програма за промоција и поддршка на туризмот за 2021 година и Програма за работа на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот за 2021 година, со Финансиски план

8. Годишен финансиски план на Агенцијата за планирање на просторот во 2021 година, со Предлог – одлука

9. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Агенција за храна и ветеринарство

10. Информација за прифаќање на пречистени отпадни води од ТИРЗ Скопје 2 и ТИРЗ Скопје 3

11. Информација за потребата од продолжување на важноста на договор за физичко обезбедување на склад за запаливи течности кој е во државна сопственост

12. Информација за напредокот за организирање и спроведување на NATO EADRCC вежбата „Северна Македонија 2020", за период од 20 март 2020 година до 20 септември 2020 година

13. Информација за потребата од зголемување на бројот на државните правобранители во Државното правобранителство на Република Северна Македонија (ДП 02-445/20), со Предлог-одлука

14. Информација за потребата од зголемување на бројот на седиштата на државните правобранители и подрачјата на судовите каде се врши државноправобранителската функција (ДП 02-444/20), со Предлог-одлука

15. Информација во врска со утврдување коефициент за пресметување плата на Државниот правобранител на Република Северна Македонија и државните правобранители во Државното правобранителство на Република Северна Македонија (ДП 02-443/20), со Предлог-одлука

16. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Основното јавно обвинителство-Струмица

17. Предлог-решение за изменување на Решение за именување на претседател, заменик претседател, членови и нивни заменици на Национален совет за информациски и комуникациски технологии

18. Информација за потребата од продажба на движни ствари - патнички моторни возила и на расходувана медицинска и немедицинска опрема по пат на електронско јавно наддавање и потребата од давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со предлог-одлуки

19. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

20. Меморандум за разбирање меѓу Владата на Република Северна Македонија и Институт ПРЕСПА за соработка при спроведувањето на истражувањата и проектот „Опсерваторија на имиџот и влијанието“

21. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжителни нафтени резерви (*)

22. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти

23. Информација за Програмата на економски реформи 2021 - 2023 година, со текст на Програма

24. Информација за состојбата на долгот на Јавното сообраќајно претпријатие Скопје - Скопје, за зголемувањето на износот на обврските на Јавното сообраќајно претпријатие Скопје - Скопје согласно член 9 од Анекс бр. 1 кон Спогодба за регулирање на начин на исплата на долг бр.11-2192/1 од 27.2.2015 година и доставеното барање за одложување на плаќање на долг од страна на Јавно сообраќајно претпријатие Скопје - Скопје по основ на Анекс бр. 1 кон Спогодба за регулирање на начин на исплата на долг бр.11-2192/1 од 27.2.2015 година и Спогодба за регулирање на начин на исплата на долг заведено во Министерството за финансии под бр.11-2193/1 од 27.2.2015 година, кое барање е доставено заради надминување на тешката финансиска состојба на Јавното претпријатие поради кризата од Коронавирусот, со текст на Предлог-анекс бр.1 и Предлог-анекс бр.2

25. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Бела Вода и Чаршија“ Општина Ѓорче Петров

26. Информација за Индикаторски извештај за животна средина - 2020 година

27. Информација во врска со реализација на мерките од Акцискиот план за железница од Договорот за основање на транспортната заедница

28. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Раштак, Општина Гази Баба, со Предлог – одлука

29. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ристе Златевски ул.Словенска бр.38, Кавадарци, со Предлог-одлука (39-8548/3)

30. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ристе Златевски ул.Словенска бр.38, Кавадарци, со Предлог-одлука (39-8546/3)

31. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ристе Златевски ул.Словенска бр.38, Кавадарци, со Предлог-одлука (39-8550/3)

32. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Трговско друштво за производство и трговија Агро - Фудтопија ДООЕЛ Свети Николе, со Предлог-одлука

33. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Јовче Здравев, с.Раец, Кавадарци, со Предлог-одлука

34. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за земјоделство Агровиго ДООЕЛ с. Козјак, Карбинци, со Предлог-одлука

35. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Димитар Нанев с. Криви Дол Штип, со Предлог-одлука

36. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуален земјоделец Селиман Мустафа с. Радање Карбинци, со Предлог-одлука

37. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуален земјоделец Злате Петров од Штип, со Предлог-одлука

38. Информација со Предлог-одлука за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Новаци

39. Информација со Предлог-одлука за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Кривогаштани

40. Информација со Предлог-одлука за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Јегуновце

41. Информација со Предлог-одлука за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Демир Хисар

42. Информација со Предлог-одлука за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Вевчани

43. Информација со Предлог-одлука за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Василево

44. Информација со Предлог-одлука за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Шуто Оризари

45. Информација со Предлог-одлука за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Студеничани

46. Информација со Предлог-одлука за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Градско

47. Предлог-одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година (на Општина Дојран, за решавање на проблемот со состојбата на Дојранското Езеро)

48. Предлог-одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година (на Општина Ресен)

49. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија

50. Информација со Акциски план за реализација на препораките од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на усогласеност на институционални капацитети на јавните обвинителства на Република Северна Македонија за реализација на надлежностите

51. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години во програмите опфатени со развојниот дел на буџетот на Министерството за надворешни работи за реализација на повеќегодишен договор за јавна набавка на работи за реновирање на објектот во Цирих на адреса: „Eidmattstrasse 33, CH-8032 Zurich“,

добиен од сукцесија на дипломатско-конзуларниот имот на поранешната СФРЈ во сопственост на Република Северна Македонија

52. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години во програмите опфатени со развојниот дел на буџетот на Министерството за надворешни работи за реализација на повеќегодишен договор за јавна набавка на работи за реконструкција и надградба на објектот во Атина на адреса: „Evrou 25, 11627, Athens“, добиен од сукцесија на дипломатско-конзуларниот имот на поранешната СФРЈ

53. Предлог за поведување на постапка за водење на преговори за потпишување на Спогодба меѓу Владата на Обединетите Арапски Емирати и Владата на Република Северна Македонија за взаемно ослободување од визи за носителите на дипломатски, службени и специјални пасоши, со Нацрт - текст на Спогодба

54. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „COMBINED RESOLVE XV“ во Сојузна Република Германија

55. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/607 на Советот од 4 мај 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/1720 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Никарагва

56. Предлог-одлука за отворање на Амбасада на Република Северна Македонија во Република Словачка со седиште во Братислава

57. Предлог-одлука за затворање на Почесниот конзулат на Република Северна Македонија во Република Хрватска, со седиште во Риека

58. Предлог-решение за отповикување на Почесниот конзул на Република Северна Македонија во Република Хрватска, со седиште во Риека

59. Предлог-одлука за начинот на користење на средства за репрезентација во министерствата и другите органи на државната управа

60. Предлог на закон за образование на возрасните

61. Информација за склучување на Меморандум за разбирање меѓу Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија и Министерството за наука и технологија на Народна Република Кина за заедничко финансирање на научни и развојни проекти, со текст на Меморандум

62. Информација за доставување на Проект (Елаборат) за основање на приватна високообразовна установа – самостојна висока стручна школа БРЕИНСТЕР НЕКСТ Скопје, со Предлог-одлука

63. Информација со Акциски план за обезбедување на есенцијални здравствени услуги (ЕЗУ) за време на КОВИД-19

64. Информација за Националниот план за КОВИД-19 вакцинација во Република Северна Македонија, со Национален план за КОВИД-19 вакцинација во Република Северна Македонија

65. Информација по доставено Барање одобрение за основање приватна установа за деца – детска градинка „Мали чекори" - Битола, со Предлог-одлука

66. Извештај за извршени преговори за усогласување на Административната спогодба за примена на Договорот меѓу Република Македонија и Унгарија за социјално осигурување и социјална сигурност, со усогласен текст на Административната спогодба

67. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Свети Николе (книги)

68. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ресен (книги)

69. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците (книги)

70. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Пробиштип (книги)

71. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп (книги)

72. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Библиотека „Григор Прличев" – Охрид (книги)

73. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Неготино (книги)

74. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ) - (книги)

75. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Македонски Брод (книги)

76. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (книги за потребите на Јавна општинска установа библиотека „Тане Георгиевски“ Куманово)

77. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Крушево (книги за потребите на Општинска установа Дом на културата „Наум Наумовски Борче“ - Крушево)

78. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Радовиш (книги)

79. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална установа Центар за култура Крива Паланка (книги)
80. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кочани (книги за потребите на ЈОУ Библиотека „Искра“ Кочани)

81. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална установа Центар за култура „Кочо Рацин“ Кичево (книги)

82. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кавадарци (книги за потребите на Јавната општинска установа Библиотека „Феткин“ Кавадарци)

83. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Универзитетот во Тетово (книги)

84. Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси, со Акционен план за нејзино спроведување 2020-2024

85. Извештај за работа на ректорот и на Универзитет за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ во Охрид за периодот од 1.1.2019 година до 31.12.2019 година

86. Барање за склучување на колективен договор на ниво на работодавач - Универзитет „Св.Кирил и Методиј„ во Скопје

87. Информација за состојбата на тутунот од реколта 2020-2021 заклучно до 21.12.2020 година, поднесена од група пратеници

88. Статутарната одлука за изменување на Статутот на Европски Универзитет бр.02-805/1 од 2 ноември 2020 година

89. Иницијатива доставена до Уставниот суд од политичката партија ВМРО – ДПМНЕ и м-р Стојанче Геровски – адвокат од Скопје, за поведување на постапка за оценување на уставноста на одредбата од член 30, став 2, точка 9 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18), а

во врска со член 119 став 1 точка 9 од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.191/19)

90. Понуда од нотар Зафир Хаџи Зафиров за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.111595 за КО Центар 1 на КП бр.10920 дел 1 викано место/улица М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 112879 за КО Центар 1 на КП бр. 10913 дел 17 викано место/улица И.р.Лола, Имотен лист бр. 112873 за КО Центар 1 на КП бр. 10901 дел 4, Имотен лист бр. 111597 за КО Центар 1 на КП бр. 10919 дел 2, 3 викано место/улица М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 112874 за КО Центар 1 на КП бр. 10917 дел 3 викано место/улица М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 111598 за КО Центар 1 на КП бр.10925 викано место/улица М.Т.Гологанов, Имотен лист бр.111585 за КО Центар 1 на КП бр.10900 дел 6 викано место/улица М.Т.Гологанов

91. Кадровски прашања

92. Прашања и предлози

93. Годишен извештај за работа на Советот на јавните обвинителства на Република Северна Македонија за 2019 година

94. Програма за работа на ЈП „Национални шуми“ за 2021 година, со дополнувања

95. Извештај за финансиското работење за периодот од 1 јули 2020 до 30 септември 2020 година на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија

96. Информација за напредокот на дигитализацијата на Системот за управување со кризи преку имплементацијата на NICS – Next-Generation Incident Command System - NATO SPS Project (следна генерација на Систем за управување со инциденти) во Република Северна Македонија, за период од 17 јуни 2020 година до 17 декември 2020 година

97. Информација за статусот на реализација на Националниот акциски план за Отворено владино партнерство 2018-2020 година (полугодишен извештај за периодот септември 2019 - март 2020 година)

98. Информација за реализација на распределени средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2018 година, Раздел 19101 - Министерство за локална самоуправа, Потпрограма 40 - Активности поврзани со децентрализација, Категорија 46, Ставка 464 - Разни трансфери наменети за поддршка на имплементацијата на локалните акциски планови во единиците на локалната самоуправа каде таквите планови се усвоени, а се изработени врз основа на Стратегијата за Ромите во Република Северна Македонија 2014-2020 година

99. Информација за изработка на Студија за валоризација на Охридско Езеро и донесување на Закон за прогласување на Охридско Езеро за заштитено подрачје и Закон за прогласување на Студенчишко Блато за заштитено подрачје

100. Предлог-одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2021 година

101. Информација во врска со стари дадени аванси и отворени акредитиви од 2001 година до 2011 година и кусок на опрема, оружје, муниција и гарнизона опрема, што настанал во текот на конфликот во 2001 година

102. Информација за потребата од номинирање на подизведувач за сигнализација и телекомуникации во тендерската документација Рехабилитација на преостанатиот дел на прва делница Куманово-Бељаковце

103. Барање за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати, со Предлог одлука

104. Информација за потребите на оперативната работна група во процесот на Кодификација на правото и правниот поредок на Република Северна Македонија

105. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУ „Митко Пинџуклиски“ Кратово

106. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом „Браќа Миладиновци“ Струга

107. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот ученички дом „Крсте Петков Мисирков“ Кавадарци

108. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом при СМУГС „Д-р. Панче Караѓозов“ Скопје

109. Предлог-одлука за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Бранко Станоевиќ“ Гостивар

110. Информација во врска со барање за ослободување од камата на Друштвото за спортски дејности Фудбалски клуб Вардар АД Скопје бр. 03-573/1 од 21.1.2021 година

111. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Скопје“ Скопје

112. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „ Томе Стефановски - Сениќ “ Скопје

113. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Пелагонија“ Скопје

114. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Браќа Миладиновци“ Штип

115. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Кочо Рацин“ Битола

116. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Никола Карев“ Охрид

117. Предлог-одлука за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Боро Менков“ Крива Паланка

118. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУУД „Димитар Влахов“ Струмица

119. Предлог-одлука за доделување на средства на Општинскиот ученичкиот дом „Професор Мијалковиќ“ Куманово

120. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУ „Св.Наум Охридски“ Македонски Брод

121. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот ученички дом „Мирка Гинова“ Битола

*

* *

Владата без забелешки ги усвои записниците од Триесет и седмата, Триесет и осмата и Триесет и деветтата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржани на 5, 12 и 16 јануари 2021 година.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Дваесет и првиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус КОВИД-19, одржан на 25 јануари 2021 година.

**Точка 2**

Владата по Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2021 година, со дополнувања и со Предлог-одлука го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта на ЈП за државни патишта за 2021 година, во предложениот текст.

Исто така, проектите за изградба на автопат Прилеп – Битола и изградба на автопат Тетово – Гостивар кои се програмирани во Инструментот за претпристапна помош ИПА 3 за 2021 година и 2022 година да се заменат со нови, со оглед дека истите се предвидени во Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2021 година.

**Точка 3**

Владата по новиот текст на Годишната инвестициона програма на ЈП „Национални шуми“ за 2021 година, со дополнувањата, го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност Годишната инвестициона програма за 2021 година на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ – п.о. – Скопје, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата по Бизнис планот за 2021 година, инвестиционите програми за 2021, 2022 и 2023 година, Финансиската програма за 2021 и Тригодишниот план за период од 2021-2023 година на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје, со предлог-одлуки, условно ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на финансиската програма на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје за 2021 година, во предложениот текст и

2. Одлуката за давање согласност на инвестиционите програми на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје за период од 2021 година до 2023 година, во предложениот текст, со заклучок предлагачот да го усогласи Бизнис планот согласно укажувањата на Министерството за финансии на седницата, односно во делот на планираните вработувања и средствата од Буџетот.

**Точка 5**

Владата го донесе новиот текст на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Акционерско друштво „Медиумска информативна агенција АД“ - Скопје, во државна сопственост, во предложениот текст.

Исто така, предлагачот да го има предвид укажувањето од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 6**

Владата го одложи разгледувањето на Програмата за работа на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија за 2021 година и Годишниот финансиски план за реализација на Програмата за работа на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија за 2021 година, со предлог - одлуки, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата предлагачот да достави пополнети табеларните прегледи, согласно урнеците за финансиско информирање, со споредбени биланс на состојба и биланс на успех, од претходните години, како и со планирани активности и средства.

**Точка 7**

Владата ги разгледа Предлог-програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2021 година и Програмата за работа на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот за 2021 година, со Финансиски план и притоа заклучи:

1. Го донесе најновиот текст на Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2021 година, во предложениот текст.

2.Ги разгледа новите текстови на Програмата за работа на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот за 2021 година и Финансискиот план, како материјали за информирање.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 8**

Владата по Годишниот финансиски план на Агенцијата за планирање на просторот во 2021 година, со Предлог – одлука, го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишниот финансиски план на Агенцијата за планирање на просторот во 2021 година, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да ги има предвид укажувањата во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 9**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Агенција за храна и ветеринарство, во предложениот текст.

Исто така, предлагачот да го има предвид укажувањето од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 10**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за прифаќање на пречистени отпадни води од ТИРЗ Скопје 2 и ТИРЗ Скопје 3 и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се препорачува А.Д Водостопанство на Република Северна Македонија да даде позитивно мислење за:

- Проект за инфраструктура за атмосферска и фекална канализациона мрежа за ТИРЗ Скопје 2, Општина Илинден, Скопје

- Проект за инфраструктура за одведување на атмосферски води од ТИРЗ Скопје 2 и ТИРЗ Скопје 3, Општина Илинден, Скопје и

- Хидротехничка инфраструктура за одведување на пречистени отпадни води од ТИРЗ Скопје 2 и Скопје 3 до реципиент

кои се изработени согласно Државната урбанистичка планска документација за ТИРЗ Скопје 2, со технички број Н0212 од 2013 година, одобрена со решение бр.14-7947/2 од 19.8.2013 година од страна на Министерството за транспорт и врски.

2. Се препорачува А.Д Водостопанство на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена, да изготви и предложи решение за дополнително зголемување на капацитетот на т.н. "Ободен канал", што е дел од системот за одводнување на Скопско Поле.

3. Во рамки на предложеното решение потребно е да се приложи и проценка на потребни финансиски средства, како и начин на обезбедување на истите, а во

соработка со Дирекцијата за технолошки индистриски развојни зони и Општина Илинден.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од продолжување на важноста на договор за физичко обезбедување на склад за запаливи течности кој е во државна сопственост (нов текст) и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за потребата од продолжување на важноста на Договор за физичко обезбедување на склад за нафтени деривати кој е во државна сопственост, кој е заверен во Министерството за одбрана под дов.бр. 03-199/3 од 9.3.2018 година, во Агенцијата за стоковни резерви под дов.бр. 09-61/2 од 5.3.2018 година и во Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати под дов.бр. 03-5/1 од 28.2.2018 година.

2. Се задолжуваат Министерството за одбрана, Македонската агенција за задолжителни нафтени резерви-МАКОРА и Агенцијата за стоковни резерви, да склучат анекс за продолжување на важноста на Договорот за физичко обезбедување на склад за нафтени деривати, кој е во државна сопственост, за период од две години, односно до 28.2.2023 година.

3. Се задолжува Македонската агенција за задолжителни нафтени резерви-МАКОРА да ги подмири трошоците за физичко обезбедување на складот согласно склучениот договор.

Истовремено, Владата заклучи да се има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија дека е потребно да биде изготвен и доставен план за реализација во системот за следење на програми (ППМС систем).

**Точка 12**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за напредокот за организирање и спроведување на NATO EADRCC вежбата „Северна Македонија 2020", за период од 20 март 2020 година до 20 септември 2020 година и ја усвои, со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат, Центарот за управување со кризи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, Министерството за одбрана, Министерството за надворешни работи, Министерството за образование и наука, Дирекцијата за заштита и спасување, Агенцијата за храна и ветеринарство, Царинската управа, а се укажува на Агенцијата за национална безбедност, Агенцијата за цивилно воздухопловство, Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ и исто така се препорачува на Општина Охрид, Општина Струга, Црвен Крст на Република Северна Македонија, Бригада за противпожарна заштита - Скопје, Територијална противпожарна единица - Охрид и Територијална

противпожарна единица - Струга да планираат во проекцијата на Буџетот за 2021 година ставка за организација и учество во NATO EADRCC вежбата „СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 2021".

2. Се задолжува Центарот за управување со кризи на секои три месеци да ја информира Владата на Република Северна Македонија за напредокот на активностите за организирање на NATO EADRCC вежбата „СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 2021".

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

<u>Точка 13</u>

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за потребата од зголемување на бројот на државните правобранители во Државното правобранителство на Република Северна Македонија ДП 02-445/20, со Предлог-одлука за некоја од наредните седници на Владата, поради потребата материјалот да се усогласи со Министерството за финансии и истиот повторно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

<u>Точка 14</u>

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за потребата од зголемување на бројот на седиштата на државните правобранители и подрачјата на судовите каде се врши државноправобранителската функција ДП 02-444/20, со Предлог-одлука, за некоја од наредните седници на Владата, поради потребата материјалот да се усогласи со Министерството за финансии и истиот повторно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

<u>Точка 15</u>

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со утврдување коефициент за пресметување плата на Државниот правобранител на Република Северна Македонија и државните правобранители во Државното правобранителство на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука, за некоја од наредните седници на Владата, поради потребата материјалот да се усогласи со Министерството за финансии и истиот повторно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

## Точка 16

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Основното јавно обвинителство-Струмица (најнов текст), во предложениот текст.

## Точка 17

Владата го донесе најновиот текст на Решението за изменување на Решение за именување на претседател, заменик претседател, членови и нивни заменици на Национален совет за информациски и комуникациски технологии, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија .

## Точка 18

Владата го разгледа новиот текст Информацијата за потребата од продажба на движни ствари - патнички моторни возила и на расходувана медицинска и немедицинска опрема по пат на електронско јавно наддавање и потребата од давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со предлог-одлуки, го усвои и ги донесе:

1. Одлуката за продажба на движни ствари (3 патнички моторни возила), во предложениот текст.

2. Одлуката за продажба на движни ствари (расходувана медицинска и немедицинска опрема), во предложениот текст и

3. Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

## Точка 19

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

Исто така, предлагачот да го има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 20

Владата го разгледа новиот текст на Меморандумот за разбирање меѓу Владата на Република Северна Македонија и Институт ПРЕСПА за соработка при спроведувањето на истражувањата и проектот „Опсерваторија на имиџот и влијанието“ го усвои Меморандумот и ја овласти Мирјана Јанева, шеф на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Меморандумот за разбирање меѓу Владата на Република Северна Македонија и Институтот ПРЕСПА за соработка при спроведување на истражувањата и проектот „Опсерваторија на имиџот и влијанието.

## Точка 21

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжителни нафтени резерви (*) и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Го утврди Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжителни нафтени резерви (*) (верзија 2).

2. Се задолжува Министерството за финансии да ги достави кореспондентните табели на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжителни нафтени резерви (*) до Секретаријатот за законодавство за добивање мислење по истите.

3. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжителни нафтени резерви (*) да се достави до Собранието на Република Северна Македонија, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии и Ардиан Целадини, државен советник во Министерството за финансии.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да достави план за реализација во системот за следење на програми (ППМС), согласно Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 22

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Беким Реџепи,

заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници м-р Митко Трајчулески, државен секретар во Министерството за транспорт и врски и Вјолца Ахмети Круезиу, раководител на сектор во Министерството за транспорт и врски.

Исто така, предлагачот да го има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија дека е потребно да биде изготвен и доставен план за реализација во системот за следење на програми (ППМС систем).

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата за Програмата на економски реформи 2021 - 2023 година, со текст на Програма и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Програмата на економски реформи 2021 - 2023 година, усогласен со Секретаријатот за европски прашања.

2. Се задолжува д-р Фатмир Бесими, министер за финансии да ја достави Програмата на економски реформи до Европската комисија, до 31 јануари 2021 година.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата на долгот на Јавното сообраќајно претпријатие Скопје - Скопје, за зголемувањето на износот на обврските на Јавното сообраќајно претпријатие Скопје - Скопје согласно член 9 од Анекс бр. 1 кон Спогодба за регулирање на начин на исплата на долг бр.11-2192/1 од 27.2.2015 година и доставеното барање за одложување на плаќање на долг од страна на Јавно сообраќајно претпријатие Скопје - Скопје по основ на Анекс бр. 1 кон Спогодба за регулирање на начин на исплата на долг бр.11-2192/1 од 27.2.2015 година и Спогодба за регулирање на начин на исплата на долг заведено во Министерството за финансии под бр.11-2193/1 од 27.2.2015 година, кое барање е доставено заради надминување на тешката финансиска состојба на Јавното претпријатие поради кризата од коронавирусот, со текст на Предлог-анекс бр.1 и Предлог-анекс бр.2 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии по уплатата на целиот доспеан долг (главница и камата) од страна на Јавното сообраќајно претпријатие „Скопје" Скопје да склучи Анекс бр. 2 кон Спогодбата за регулирање на начин на исплата на долг бр.11-2192/1 од 27.2.2015 година со Јавното сообраќајно претпријатие „Скопје" Скопје заради регулирање на долгот на начин и во износ како што е утврдено во оваа информација и во Предлог – Анексот бр. 2 кон Спогодбата за регулирање на начин на исплата на долг бр.11-2192/1 од 27.2.2015 година, склучена помеѓу Република Северна Македонија - Министерство за финансии и Јавно сообраќајно претпријатие „Скопје" од Скопје, прилог кон оваа информација, со состојба на денот на склучување на анексот.

2. Се задолжува Министерството за финансии по уплатата на целиот доспеан долг (главница и камата) од страна на Јавното сообраќајно претпријатие „Скопје“ -Скопје да склучи Анекс бр. 1 кон Спогодбата за регулирање на начин на исплата на долг бр.11-2193/1 од 27.2.2015 година со Јавното сообраќајно претпријатие „Скопје“ Скопје заради регулирање на долгот на начин и во износ како што е утврдено во оваа информација и во Предлог – Анексот бр. 1 кон Спогодбата за регулирање на начин на исплата на долг бр.11-2193/1 од 27.2.2015 година, склучена помеѓу Република Северна Македонија - Министерство за финансии и Јавно сообраќајно претпријатие „Скопје“ од Скопје, прилог кон оваа информација, со состојба на денот на склучување на анексот.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 25**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Бела Вода и Чаршија“ Општина Ѓорче Петров, за наредната седница на Владата.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за Индикаторски извештај за животна средина - 2020 година и ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за Индикаторски извештај за животна средина - 2020 година.

2. Го разгледа и го усвои Индикаторскиот извештај за животната средина - 2020 година.

Исто така, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со реализација на мерките од Акцискиот план за железница од Договорот за основање на транспортната заедница и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се укажува на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје во соработка со Министерството за транспорт и врски да подготви Акциски план за бизнис сегментација на Компанијата со конкретни активности и рокови и да го достави до Владата на Република Северна Македонија, до 30.1.2021 година.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски во новиот предлог - текст на Законот за безбедност во железничкиот систем да пропише одредби со кои Управата за сигурност во железничкиот систем се трансформира во Агенција за безбедност во железничкиот систем, како посебно правно лице формирано и финансирано од страна на Владата на Република Северна Македонија и да изработи Предлог на закон за основање на Агенција за безбедност во железничкиот систем.

3. Се задолжува Министерството за транспорт и врски во новиот предлог - текст на Законот за безбедност во железничкиот систем да пропише одредби со кои инспекциската служба, која во постојниот Закон за сигурност во железничкиот систем е во рамките на Управата за сигурност во железничкиот систем, да се преземе во Државниот инспекторат за транспорт.

4. Се задолжува Министерството за транспорт и врски во новиот предлог - текст на Законот за безбедност во железничкиот систем да пропише одредби со кои истрагите при случени несреќи во воздушниот, воден и железнички сообраќај се водат од едно посебно правно лице формирано и финансирано од страна на Владата на Република Северна Македонија и да изработи Предлог на закон за основање на Агенција за истражување на несреќи во воздушниот, воден и железнички сообраќај.

5. Се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје да изработи Објава на мрежа за услужни објекти за 2021 година и да предвиди постапки и критериуми кои треба да ги исполни барател за да има пристап до услужни објекти, согласно Регулативата на Комисијата за спроведување (ЕУ) 2017/2177 од 22 ноември 2017 година за пристап до услужни објекти и услуги поврзани со железницата (Текст со важност за ЕЕА).

6. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, а се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје да подготват предлог - текст на Договорот за одржување на железничката инфраструктура и за управување, организација и регулирање на железничкиот сообраќај, согласно расположливите средства во Буџетот за 2021 година и развојниот дел од Буџетот за 2022 и 2023 година, како и индиктивен Буџет за 2024 и 2025 година и да го достави до Владата на Република Северна Македонија до 15.2.2021 година.

7. Се задолжува Министерството за транспорт и врски предлог - текстовите на Законот за железничкиот систем, Законот за безбедност во железничкиот систем, Законот за интероперабилност во железничкиот систем, Законот за основање на Агенција за безбедност во железничкиот систем и Агенција за истражување на несреќи во воздушниот, воден и железнички сообраќај да ги достави до Владата на Република Северна Македонија до 30.4.2021 година.

Истовремено, да се има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 28

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Раштак, Општина Гази Баба, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Раштак, Општина Гази Баба, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да ги има предвид укажувањата во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 29

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ристе Златевски ул.Словенска бр.38, Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 30

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ристе Златевски ул.Словенска бр.38, Кавадарци, со Предлог-одлука 1 (39-8546/3), ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да достави план за реализација во системот за следење на програми (ППМС), согласно Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 31

Владата го разгледа новиот текст Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ристе Златевски ул.Словенска бр.38, Кавадарци, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за

склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 32

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Трговско друштво за производство и трговија Агро - Фудтопија ДООЕЛ Свети Николе, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 33

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Јовче Здравев, с.Раец, Кавадарци (нов текст), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 34

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за земјоделство Агровиго ДООЕЛ с.Козјак, Карбинци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да ги има предвид укажувањата во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 35

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Димитар Нанев с. Криви Дол Штип, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да достави план за реализација во системот за следење на програми (ППМС), согласно Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 36**

Владата го разгледа новиот текст Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуален земјоделец Селиман Мустафа с. Радање Карбинци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

Исто така, да се има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија дека е потребно да биде изготвен и доставен план за реализација во системот за следење на програми (ППМС систем).

**Точка 37**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуален земјоделец Злате Петров од Штип, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

Исто така, да се има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија дека е потребно да биде изготвен и доставен план за реализација во системот за следење на програми (ППМС систем).

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Новаци, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Новаци, со заклучок предлагачот да достави ново Образложение кон Одлуката, усогласено со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Кривогаштани, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Кривогаштани со заклучок

предлагачот да достави ново Образложение кон Одлуката, усогласено со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Јегуновце, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Јегуновце, во предложениот текст, со заклучок, Министерството за транспорт и врски да достави ново Образложение кон Одлуката, усогласено со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Демир Хисар, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Демир Хисар, со заклучок предлагачот да достави ново Образложение кон Одлуката, усогласено со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Вевчани, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Вевчани со заклучок предлагачот да достави ново Образложение кон Одлуката, усогласено со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Василево, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Василево, со заклучок предлагачот да достави ново Образложение по Одлуката, усогласено со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 44

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Шуто Оризари, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Шуто Оризари со заклучок предлагачот да достави ново Образложение кон Одлуката, усогласено со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 45

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Студеничани, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Студеничани, со заклучок предлагачот да достави ново Образложение кон Одлуката, усогласено со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 46

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Градско, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Градско, со заклучок предлагачот да достави ново Образложение кон Одлуката, усогласено со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 47

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година (средства во износ од 40.000.000 денари на Општина Дојран, за решавање на проблемот со состојбата на Дојранското Езеро), во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија .

## Точка 48

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година (на Општина Ресен), во предложениот текст.

## Точка 49

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија и условно го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон предлагачот да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

## Точка 50

Владата ја разгледа Информацијата со нов текст на Акциски план за реализација на препораките од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на усогласеност на институционални капацитети на јавните обвинителства на Република Северна Македонија за реализација на надлежностите и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се препорачува на надлежните институции - носители на имплементација Министерството за финансии, Министерството за правда, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија и Академијата за судии и јавни обвинители да постапат и да ги реализираат предвидените активности согласно Акцискиот план за реализација на препораките од Конечниот извештај за извршена ревизија на усогласеност на институционалните капацитети на јавните обвинителства на Република Северна Македонија за реализација на надлежностите.

2. Се препорачува на надлежните институции од заклучокот број 1 да доставаат известување до Владата на Република Северна Македонија и Државниот завод за ревизија, за навремената и целосна имплементација на препораките.

## Точка 51

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години во програмите опфатени со развојниот дел на буџетот на Министерството за надворешни работи за реализација на повеќегодишен договор за јавна набавка на работи за реновирање на објектот во Цирих на адреса: „Eidmattstrasse 33, CH-8032

Zurich“, добиен од сукцесија на дипломатско-конзуларниот имот на поранешната СФРЈ во сопственост на Република Северна Македонија и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години во програмите опфатени со развојниот дел на буџетот на Министерството за надворешни работи за реализација на повеќегодишен договор за јавна набавка на работи за реновирање на објектот во Цирих на адреса: „Eidmattstrasse 33, CH-8032 Zurich“, добиен од сукцесија на дипломатско-конзуларниот имот на поранешната СФРЈ во сопственост на Република Северна Македонија

2. Даде согласност за преземање обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години на Министерството за надворешни работи за реновирање на објектот во Цирих на адреса: „Eidmattstrasse 33, CH-8032 Zurich“, добиен од сукцесија на дипломатско-конзуларниот имот на поранешната СФРЈ во сопственост на Република Северна Македонија, врз основа на претходно издадено позитивно мислење од Министерството за финансии, и тоа:

- 2021 година – 3.200.000 денари од сметка 637-расходи од основен буџет во 2021 година и

- 2022 година – 6.900.000 денари од сметка 637-расходи од основен буџет во 2022 година.

3. Се задолжува Министерството за надворешни работи да ги предвиди потребните финансиски средства во буџетскиот циркулар за соодветната фискална година, а се задолжува Министерството за финансии да ги има предвид истите за соодветната фискална година во буџетот на Министерството за надворешни работи.

**<u>Точка 52</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години во програмите опфатени со развојниот дел на буџетот на Министерството за надворешни работи за реализација на повеќегодишен договор за јавна набавка на работи за реконструкција и надградба на објектот во Атина на адреса: „Evrou 25, 11627, Athens“, добиен од сукцесија на дипломатско-конзуларниот имот на поранешната СФРЈ и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Врз основа на претходно издадено позитивно мислење од Министерството за финансии, даде согласност за преземање обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години на Министерството за надворешни работи за реконструкција и надградба на објектот во Атина на адреса: „Evrou 25, 11627, Athens“, добиен од сукцесија на дипломатско-конзуларниот имот на поранешната СФРЈ и тоа:

- 2021 година – 1.500.000 денари од сметка 637-расходи од основен буџет во 2021 година,

- 2022 година – 22.500.000 денари од сметка 637-расходи од основен буџет во 2022 година и

- 2023 година – 50.000.000 денари од сметка 637-расходи од основен буџет во 2023 година.

3. Се задолжува Министерството за надворешни работи да ги предвиди потребните финансиски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а се задолжува Министерството за финансии да ги има предвид истите за соодветните фискални години во буџетот на Министерството за надворешни работи.

Исто така, да се имаат предвид мислењата на Министерството за финансии и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 53**

Владата го разгледа Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за потпишување на Спогодба меѓу Владата на Обединетите Арапски Емирати и Владата на Република Северна Македонија за взаемно ослободување од визи за носителите на дипломатски, службени и специјални пасоши, со Нацрт - текст на Спогодба (најнов текст) и го усвои Предлогот со следниве заклучоци:

1. Го прифати Нацрт- текстот на Спогодбата меѓу Владата на Обединетите Арапски Емирати и Владата на Република Северна Македонија за взаемно ослободување од визи за носителите на дипломатски, службени и специјални пасоши, како основа за почеток за водење на преговорите.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи во рок од 30 дена да ги достави забелешките на Нацрт- текстот на Спогодбата меѓу Владата на Обединетите Арапски Емирати и Владата на Република Северна Македонија за взаемно ослободување од визи за носителите на дипломатски, службени и специјални пасоши.

3. Се задолжуваат шефот и членовите на Делегацијата на Република Северна Македонија при водење на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за потпишување на Спогодба меѓу Владата на Обединетите Арапски Емирати и Владата на Република Северна Македонија за взаемно ослободување од визи за носителите на дипломатски, службени и специјални пасоши.

4. Се овластува Шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира текстот на Спогодбата меѓу Владата на Обединетите Арапски Емирати и Владата на Република Северна Македонија за взаемно ослободување од визи за

носителите на дипломатски, службени и специјални пасоши, доколку се постигне согласност на преговорите.
5. Се задолжува Делегацијата на Република Северна Македонија по завршените преговори, во рок од 30 дена на Владата на Република Северна Македонија да и поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот текст на Спогодбата меѓу Владата на Обединетите Арапски Емирати и Владата на Република Северна Македонија за взаемно ослободување од визи за носителите на дипломатски, службени и специјални пасоши.

**Точка 54**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „COMBINED RESOLVE XV“ во Сојузна Република Германија, во предложениот текст.

Истовремено, да се има предвид мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 55**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/607 на Советот од 4 мај 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/1720 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Никарагва, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 56**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за отворање на Амбасада на Република Северна Македонија во Република Словачка со седиште во Братислава, во предложениот текст.

**Точка 57**

Владата ја донесе Одлуката за затворање на Почесниот конзулат на Република Северна Македонија во Република Хрватска, со седиште во Риека, во предложениот текст.

Исто така, да се има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија дека е потребно да биде изготвен и доставен план за реализација во системот за следење на програми (ППМС систем).

**Точка 58**

Владата го донесе Решението за отповикување на Почесниот конзул на Република Северна Македонија во Република Хрватска, со седиште во Риека, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да ги има предвид укажувањата во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 59**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-одлуката за начинот на користење на средства за репрезентација во министерствата и другите органи на државната управа (нов текст), поради потребата предлагачот да ја усогласи истата согласно укажувањата изнесени во расправата на седницата на Владата.

Исто така, Владата ги задолжи сите министерства да ги достават до Кабинет на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси посебните интерни акти на институциите со кои е регулирано правото на репрезентација на различните нивоа на државни функции, со цел и оваа материја да биде регулирана со предложената одлука.

Оваа точка претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем и Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**Точка 60**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за образование на возрасните, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за образование и наука и д-р Арафат Шабани, заменик на министерот за образование и наука, а за повереници Сељатин Бељули, државен секретар во Министерството за образование и наука и Милка Масникоса, раководител на сектор во Министерството за образование и наука.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија .

**Точка 61**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за склучување на Меморандум за разбирање меѓу Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија и Министерството за наука и технологија на Народна Република Кина за заедничко финансирање на научни и развојни проекти, со текст на Меморандум и ја усвои Информацијата, со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање меѓу Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија и

Министерство за наука и технологија на Народна Република Кина за заедничко финансирање на проекти за истражување и развој.

2. Се овластува Мила Царовска, министер за образование и наука да го потпише Меморандумот за разбирање меѓу Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија и Министерство за наука и технологија на Народна Република Кина за заедничко финансирање на проекти за истражување и развој.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Информацијата за доставување на Проект (Елаборат) за основање на приватна високообразовна установа – самостојна висока стручна школа БРЕИНСТЕР НЕКСТ Скопје (нов текст), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на одобрение за основање на приватна високообразовна установа - Самостојна висока стручна школа БРЕИНСТЕР НЕКСТ Скопје, во предложениот текст.

**Точка 63**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата со Акциски план за обезбедување на есенцијални здравствени услуги (ЕЗУ) за време на КОВИД-19, ја усвои Информацијата и го прифати новиот текст на Акцискиот план за обезбедување на есенцијални здравствени услуги (ЕЗУ) за време на КОВИД-19.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија .

**Точка 64**

Владата ја разгледа Информацијата за Националниот план за КОВИД-19 вакцинација во Република Северна Македонија, со Национален план за КОВИД-19 вакцинација во Република Северна Македонија и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Го прифати Националниот план за КОВИД-19 вакцинација во Република Северна Македонија.

2. Се задолжува Министерството за здравство и другите надлежни институции да го имплементираат Националниот план за КОВИД-19 вакцинација во Република Северна Македонија.

3. Се задолжува Министерството за здравство да ја следи имплементацијата на Националниот план за КОВИД-19 вакцинација во Република Северна Македонија и до Владата да доставува редовни месечни извештаи за остварениот напредок.

## Точка 65

Владата ја разгледа Информацијата по доставено Барање одобрение за основање приватна установа за деца – детска градинка „Мали чекори” - Битола, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање одобрение за основање на приватна установа за деца – детска градинка „Мали чекори“ - Битола, во предложениот текст.

## Точка 66

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за извршени преговори за усогласување на Административната спогодба за примена на Договорот меѓу Република Македонија и Унгарија за социјално осигурување и социјална сигурност, со усогласен текст на Административната спогодба и го усвои Извештајот, со следниве заклучоци:

1. Го разгледа и прифати усогласениот текст на Административната спогодба за примена на Договорот меѓу Република Македонија и Унгарија за социјално осигурување и социјална сигурност.

2. Го определи Горан Стевчевски, амбасадор на Република Северна Македонија во Унгарија во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Административната спогодба за примена на Договорот меѓу Република Македонија и Унгарија за социјално осигурување и социјална сигурност.

Истовремено, предлагачот да го има во предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за финансии – фискалните импликации кои во иднина ќе произлезат од спроведувањето на одредбите предвидени во Договорот да се обезбедат во рамките на буџетите на ресорните институции надлежни за имплементација на истиот.

## Точка 67

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Свети Николе (книги), во предложениот текст.

## Точка 68

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ресен (книги), во предложениот текст.

## Точка 69

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците (книги), во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 70**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Пробиштип (книги за потребите на Општинска установа Дом на културата „Златевски Рудар“ - Пробиштип), во предложениот текст.

**Точка 71**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп (книги за потребите на Јавна општинска установа Градската библиотека „Борка Талески“ Прилеп), во предложениот текст.

**Точка 72**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Библиотека „Григор Прличев“ – Охрид (книги), во предложениот текст.

**Точка 73**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Неготино (книги за потребите на Јавната установа Библиотека „Страшо Пинџур“ Неготино), во предложениот текст.

**Точка 74**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ)-(книги), во предложениот текст.

**Точка 75**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Македонски Брод (книги за потребите на Општинска установа Дом на културата „Македонски Брод“ -Македонски Брод), во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија .

**Точка 76**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (книги за потребите на Јавна општинска установа библиотека „Тане Георгиевски“ Куманово), во предложениот текст.

**Точка 77**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Крушево (книги за потребите на Општинска установа Дом на културата „Наум Наумовски Борче“ - Крушево), во предложениот текст.

**Точка 78**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Радовиш (книги), во предложениот текст.

**Точка 79**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална установа Центар за култура Крива Паланка (книги), во предложениот текст.

**Точка 80**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кочани (книги за потребите на ЈОУ Библиотека „Искра“ Кочани), во предложениот текст.

**Точка 81**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална установа Центар за култура „Кочо Рацин“ Кичево (книги), во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија .

**Точка 82**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кавадарци (книги за потребите на Јавната општинска установа Библиотека „Феткин“ Кавадарци), во предложениот текст.

## Точка 83

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Универзитетот во Тетово (книги), во предложениот текст.

## Точка 84

Владата ја разгледа Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021 – 2025 и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“, број 12/19), една од надлежностите на Државната комисија за спречување на корупцијата е да донесува национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси, со акциски план за нејзино спроведување.

На 17.1.2020 година, Државната комисија ја донесе петгодишната национална стратегија за спречување на корупција и судир на интереси со акциски план и истиот ден ја поднесе за усвојување до Собранието на Република Северна Македонија, согласно член 18 од истиот Закон.

За спроведувањето на Националната стратегија, донесен е акциски план (како нејзин составен дел) во кој идентификуваните мерки се разработени во активности за чиешто исполнување предвидени се рокови и индикатори.

Согласно одредбите од Законот кои се однесуваат на подготовката на националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поднесената Национална стратегија е подготвена врз основа на претходно изготвена анализа на ризиците од корупција (усвоена од Државната комисија, во септември 2019 година). Пред започнување на процесот на подготовка на националната стратегија Државната комисија донесе Методологија за изготвување на националната стратегија (октомври 2019 година).

Заради обезбедување учество на претставници на државни органи, институции, здруженија, фондации, приватниот сектор и медиумите во подготовката на Национална стратегија, Државната комисија организираше и спроведе работилници.

На 10.12.2020 година, Државната комисија за спречување на корупцијата повторно ја поднесе на усвојување донесената Национална стратегија, изменета во одредени нејзини делови, по спроведени дополнителни писмени консултации со институциите во чија надлежност се предвидени активности за нејзино спроведување.

Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси содржи одредби кои се однесуваат на изменувањето на Националната стратегија.

Имено, согласно член 18 од Законот, Државната комисија за спречување на корупцијата донесува одлука за изменување на Националната стратегија кога врз основа на спроведени анализи или согледувања од годишните извештаи за нејзиното спроведување ќе утврди дека тоа е потребно. Измената на националната стратегија се подготвува во постапка утврдена со член 18 став (5) од Законот (со учество на претставници на државни органи, институции, здруженија, фондации, приватен сектор и медиуми) и се поднесува до Собранието на Република Северна Македонија, за усвојување.

Со Националната стратегија утврдени се 12 главни цели, меѓу кои се: зголемување на нивото на политичка одговорност, јакнење на надзорните и контролните механизми, зајакнување на капацитетите и посветеноста на правосудството и органите за спроведување на законите и јакнење на отпорноста на корупција во нивните редови.

Во насока на остварување на нејзините цели, со Националната стратегија утврдени се и мерки за надминување на дијагностицирани проблеми селектирани како приоритетни и тоа во 15 области/сектори: јавни набавки, вработувања во јавниот сектор, политички систем, правосудство, органи за спроведување на законот, здравство, образование, труд и социјална политика, урбанизам и просторно планирање, животна средина, земјоделство, спорт, економија и бизнис, јавни претпријатија и акционерски друштва во сопственост на државата и на локалната самоуправа, медиуми и граѓанско општество.

Согласно горенаведеното, доставувањето на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 година за усвојување до Собранието на Република Северна Македонија е во функција на остварувањето на надлежноста на Државната комисија за спречување на корупцијата утврдена со горенаведените одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Содржината на Националната стратегијата и предвидените мерки генерално се оценуваат позитивно, но се укажува на потребата да се земат предвид следните забелешки и предлози:

- *Хоризонтална област 4.1 Јавни набавки*

Во Акциониот план, во делот посветен на Хоризонтална област 4.1, по однос на Проблем 2 Мерка 1 „Зголемување на институционалниот интегритет и транспарентност во јавните набавки“, за Активноста 1.2. „Во моделите на тендерски документации што ги изработува Бирото за јавни набавки задолжително да се наведат овластените лица за прием на пријави за заштитено внатрешно и надворешно пријавување од страна на укажувачи, а во врска со корупција во јавните набавки“, се укажува дека е потребно предвидениот рок за реализација (втора половина на 2020 година) да се промени и да гласи „прва половина на 2021 година“, со оглед на тоа што активноста не е реализирана во претходната година.

- *Стратешки цели 5 и 7*
- *Хоризонтална област 4.2 Вработувања во јавниот сектор*

Во Извршното резиме и под Глава 3 „Цели на Стратегијата", се предлага стратешката цел 5) да се преформулира на следниот начин: „Обезбедување на стручност, професионалност, интегритет и транспарентност при вработувањето и унапредувањето во јавниот сектор, базирано на компетенции и со примена на критериуми за избор на најквалитетен кандидат".

Исто така, се предлага називот на оваа цел да се дополни со зборовите „и со почитување на уставното начело на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници што живеат во Република Северна Македонија.".

На втората страница од Извршното резиме, во параграфот „Вработувања во јавниот сектор", по зборовите „принципите на компетентност" се предлага да се додадат зборовите „принципот на соодветна и правична застапеност".

Заради прецизирање и техничко подобрување, во текстот со кој се опишува стратешката цел 5) под Глава 3, се предлагаат следните измени: по зборот „правична" да се додадат зборовите „и транспарентна", по зборот „за" во првата реченица да се додадат зборовите „управување со". Во втората реченица по зборот „вработувањето" да се додадат зборовите „и унапредувањето"; а по зборот „моќ" да се додадат зборовите „при донесување на одлуките за избор". Во истата реченица, по зборовите „пропишани процедури," се предлага да се додадат зборовите „да се има предвид начелото на соодветна и правична застапеност,".

Во наративниот дел на Националната стратегија, во делот посветен на Хоризонталната област 4.2 „Вработувања во јавниот сектор", треба да се има предвид дека опфатот на институциите во јавниот сектор и вработените во овие институции е јасно дефиниран и дека во истиот не се опфатени акционерските друштва во државна сопственост и функционерите, односно лицата кои добиле мандат да извршуваат функција на претседателски, парламентарни или на локални избори, лицата кои добиле мандат да извршуваат функции во извршната или во судската власт преку избор или именување од Собранието на Република Северна Македонија или од органите на локалната власт, како и други лица кои согласно со закон се избрани или именувани на функција од носителите на законодавната, извршната или судската власт, во смисла на овој закон, не се сметаат за вработени во јавниот сектор и истите не треба да бидат опфатени во овој дел. Треба да се има и предвид дека платите на вработените во јавниот сектор се обезбедуваат од Буџетот, од сопствени приходи, од јавни давачки и сл. Во втората реченица од првиот пасус по зборот „именувањата" потребно е да се додадат зборовите „на директори и членови". Во следната реченица се предлага зборот „силно" да изостане. Во последната реченица од истиот пасус по зборот „службеници" потребно е да се додадат зборовите „Законот за вработените во јавниот сектор и сите други посебни закони кои регулираат постапки за вработување во јавниот сектор". Во вториот пасус, во првата реченица зборот „вработување" потребно е да се замени со зборот „ангажирање", по зборовите „и

дело“ потребно е да се додаде сврзникот „или“, по зборот „агенции“ да се додадат зборовите „вработување преку“, а по зборовите „придонесува за“ да се додадат зборовите „заобиколување на регулативата,“.

Кога станува збор за договорите на дело, бидејќи терминот „вработување“ не ги опфаќа договорите на дело, потребно да се користи терминот „ангажирање“.

Се предлага приоритетниот Проблем 3 да се преформулира и да гласи „Непостоење на јасни критериуми за селекција и систем за нивно вреднување во постапките за вработување/унапредување во јавниот сектор“. Заради забелешката во однос на Проблем 3, се предлага реченицата „Законската регулатива од областа на вработувањата нема воспоставено јасен транспарентен начин на евалуација на критериумите за селекција при вработување применлив за јавниот сектор во целина.“ да се преформулира на следниот начин: „Законската регулатива за вработувања/унапредувања не содржи критериуми и начин на нивно вреднување применливи за јавниот сектор во целина.“.

Понатаму, се предлага зборовите „одговорното лице“ да се заменат со зборовите „раководното лице“.

Во врска со една од мерките споменати во делот „Образложение на проблемите“, се укажува дека иако времените вработувања генерално се перципираат за злоупотребувани, тие не можат целосно да се укинат, поради тоа што во работењето на секој јавен орган може да се случи да постои зголемен обем на работа и/или друга околност поради која е нужно да се изврши времено вработување. Целосното укинување на можноста да се ангажираат лица преку агенции за привремени вработувања би значело сериозен предизвик за функционирањето на бројни органи во јавниот сектор. Од тие причини, во делот „Образложение на проблемите“, како и во Акцискиот план под Проблем 1, се предлага мерката „Укинување на можноста за времено вработување преку агенции за времени вработувања“ да се преформулира и да гласи „Ограничување на можноста за времено вработување преку агенции за времени вработувања, односно подетално и попрецизно уредување на можностите и ограничувањата за времени вработувања“.

Понатаму во наративниот дел, констатацијата „Материјалните закони со кои се уредува формирањето, работењето, раководењето и управувањето на одделни органи на управа, агенции, акционерски друштва, јавни претпријатија и др., не содржат критериум(и) за видот на образованието на раководните лица, ниту пак основни мерила, критериуми и минимум компетенции при изборот и именувањето на членови на управните и надзорните одбори.“ потребно е да се преформулира, со цел допрецизирање од аспект на тоа дека не постои апсолутна празнина (предвид одредбите од Законот за јавните претпријатија), но и од аспект на сеопфатност – со тоа што ќе се вклучат и самостојните државни органи меѓу наведените во констатацијата.

Соодветно на горенаведените забелешки, делот од Акцискиот план посветен на областа „Вработување“ треба да се дополни со зборовите „и унапредување“, и тоа соодветно да се пренесе во понатамошниот текст на оваа точка.

Проблем 1 во делот 4.2. „Вработување“ од Акцискиот план може да изостане, бидејќи сите мерки веќе се содржани во мерки и активности од Акцискиот план во Стратегијата за реформа на јавна администрација (2018-2022) во приоритетната област 2 „Јавна служба и управување со човечки ресурси“ и приоритетната област 3 „Одговорност, отчетност и транспарентност“. Дополнително, потребно е да се земат предвид активностите кои се преземаат во рамки на ИПА проектот „Поддршка на државната реорганизација“ - Компонента 2: Подобрувања на рамката за дискрециони овластувања.

Понатаму, во Акцискиот план, во делот 4.2. Вработување, под Проблем 3, за Мерката 1 „Воспоставување на јасен и транспарентен процес на евалуација на критериумите за вработувањата и унапредувањата во здравство, образование, култура, социјална заштита и АД во државна сопственост“, во колоната „Надлежни институции“ се предлага да се додаде Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците.

- *Сектор 5.1 Политички систем*

Во наративниот дел на Националната стратегија каде е наведен приоритетен проблем „Донесувањето на голем број закони во скратена постапка без соодветно образложение за оправданост за овој вид постапка“, целисходно е истиот да биде образложен со податоци за процент на закони донесени по скратена постапка и причините односно целите на нивното донесување (дали станува збор за усогласување на законите, како што е усогласувањето на голем број на посебни закони со Законот за прекршоците од 2019 година).

Понатаму, имајќи ги предвид утврдените надлежности на Државната комисија за спречување на корупцијата за водење на прекршочната постапка и изрекувањето на прекршочни санкции за прекршоците утврдени со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, како и предвид фактот што формата и содржината на образецот за изјавата за имотна состојба и интереси сеуште не се пропишани од страна на Државната комисија, се укажува дека е потребно да се преиспита односно дополнително образложи приоритетниот проблем „Несанкционирање на одбивањето за доставување на изјава за имотна состојба и интереси од лицата кои имаат ваква обврска“.

Во контекст на идентификуваните проблеми во примената на постојниот Закон за лобирање, целисходно е да се спомене фактот дека во собраниска постапка е нов Предлог на закон за лобирање. Покрај тоа, односите со лобисти се опфатени и со соодветни одредби содржани во Кодексот за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 232/20), согласно кои, меѓу другото, носителите на извршни функции, при контактите со лобисти и лоби

организации кога се цел на лобирање, изготвуваат записник кој содржи информација за предметот на дискусија и идентитетот на лицата кои биле присутни, објавуваат копија од записникот на веб-страницата на институцијата со која раководат, објавуваат информации за средби со лобисти и информации за остварен контакт со трети страни односно други засегнати страни.

Во Акциониот план, во делот посветен на Секторот 5.1 Политички систем, Проблем 2 може целосно да изостане, поради тоа што и овие прашања се веќе адресирани во Стратегијата за реформа на јавна администрација (2018 -2022) и се предвидени детални мерки за унапредување на квалитетот на Проценката на влијание на регулативата и на законодавниот процес.

Секаде во текстот зборовите „носителите на извршната власт“ потребно е да се заменат со зборовите „ носителите на функции на извршната власт“.

- *Сектор 5.2 Правосудство*

Во наративниот дел на Националната стратегија, под Глава 3, во текстот со кој се опишува стратешката цел 9) потребно е зборот „Компетитивен“ да се избрише, поради несоодветност во контекст на правосудниот систем.

Во поглавјето посветено на Секторот 5.2 Правосудство, потребно е да се преформулира делот кој се однесува на кривичната постапка, со тоа што ќе се наведат точни податоци за:

- донесувањето и почетокот на примената на Законот за кривичната постапка: донесен е во 2010 година, а се применува од декември 2013 година.

- истражните центри предвидени со Законот за кривичната постапка: наместо потребата за нивно формирање, се укажува дека е потребно да се наведе потребата за нивно екипирање, имајќи предвид дека Јавниот обвинител на Република Македонија има донесена одлука А.бр. 02863/1 од 28.09.2018 година за формирање 4 истражни центри, и тоа во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Основното јавно обвинителство Скопје, Основното јавно обвинителство Куманово и Основното јавно обвинителство Тетово, како обвинителства со поголем обем на предмети во работа. Во тек е нивното екипирање.

- *Сектор 5.3 Органи за спроведување на законот*

Во наративниот дел од Националната стратегија наведено е дека за успешно санкционирање на неправилностите, потребно е да се формираат централни дисциплински комисии во Министерството за внатрешни работи и Царинската управа, додека во Акциониот план во делот посветен на Секторот 5.3. Проблем 2 „Неефикасен систем за утврдување на професионална одговорност во органите за спроведување на законот“, утврдена е Мерка 2 „Унапредување на процесот на дисциплинските постапки во Министерството за внатрешни работи“, што упатува

на фактот дека за истото прашање не е усогласен пристапот во наративниот дел и во делот на Акциониот план на Националната стратегија. Воедно, под истата мерка во Акциониот план, по однос на Активноста 2.1 „Хармонизација на интерните акти со „Стратегија за унапредување и подобрување на дисциплинските постапки 2020-2022“, се укажува дека Министерството за внатрешни работи нема изготвена Стратегија за унапредување и подобрување на дисциплинските постапки 2020-2022, туку има Препораки за професионализација на дисциплинските комисии 2020-2022.

Во контекст на наведеното, се укажува дека прашањето за дисциплинските постапки во Министерството за внатрешни работи е уредено со Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/14, 116/14, 33/15, 5/16, 127/16, 142/16, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 108/19 и 275/19) и Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“, бр. 69/15, 227/15, 177/16, 197/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 269/19 и 279/19).

По однос на предвидената мерка за измена на Законот за внатрешни работи, со рок на реализација прва половина 2022 година, се смета дека треба да се земе предвид дека мерката во НПАА е предвидена со рок на реализација 30.6.2021 година, следејќи го заклучокот од 15-тиот Поткомитет за правда и внатрешни работи, кој е во насока на осигурување дека: измените на Нацрт-законот за внатрешни работи, кои се однесуваат на проверка на интегритет и тестирање лица пред нивно вработување во полицијата, се доставени на консултација до Европската комисија и (треба) да се усвојат во согласност со најдобрите практики на ЕУ, а спроведувањето да започне со следното вработување полициски питомци (првиот квартал од 2021 година).

Во Акцискиот план, во делот посветен на Секторот 5.3., под Проблем 6 „Одговорните или раководните лица на институциите не ги спроведуваат препораките предложени од внатрешната ревизија и Државен завод за ревизија“, се предлага Активноста 1.1 да се преформулира и да гласи „Донесување нов Закон за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор“, а за Активноста 1.2, донесување на измена на Законот за државна ревизија, предвидениот рок за реализација (прва половина на 2021 година) да се пролонгира за втората половина на 2021 година.

Понатаму, во Акцискиот план, во делот посветен на Секторот 5.3. Проблем 7 „Влијание на одговорните лица во јавните институции врз независноста на внатрешната ревизија“, се предлага Мерката 1 „Обезбедување на независност во работата на внатрешната ревизија преку формирање на посебна единица во Министерството за финансии“, да се преформулира и да гласи „Обезбедување независност во работата на внатрешната ревизија преку зајакнување на единиците за внатрешна ревизија во матичните буџетски корисници, односно министерствата“, бидејќи со новиот Предлог на закон за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор, чиј текст е утврден од Владата на

седницата, одржана на 29.12.2020 година, веќе е започнато поставувањето на правната рамка за спроведување на оваа мерка.

По однос на Проблем 4 „Субјективно и несоодветно постапување на инспекторите при исполнување на нивната надлежност“, се укажува на целисходноста предвидените активности под мерките 2 и 3, за воведување обврска за инспекторите да пријавуваат имотна состојба и интереси, да се реализираат со тоа што таа обврска да се уреди со системскиот Закон за инспекциски надзор, наместо со материјалните закони. Мерката 3 потребно е да се преиспита во делот на пропишувањето на дисциплинската одговорност, бидејќи дисциплинската одговорност на инспекторите е регулирана со Законот за инспекциски надзор и Законот за административните службеници.

Проблем 3 се предлага да изостане, од причина што анализа на инспекциските служби е содржана под приоритетната област 3 од Стратегијата за реформа на јавната администрација. Генерално, во однос на сите мерки и активности што се однесуваат на анализи за процена на капацитет на инспекциски служби опфатени со Законот за инспекциски надзор, се укажува дека веќе е направена анализа во рамки на проект на УСАИД Модернизација на инспекциските служби подготвена од Центарот за развој на политики IDEAS DePO. Исто така, се упатува на преиспитување на дел од мерките поврзани со дисциплинската одговорноста и проценката на ризик, така што ќе се земат предвид решенијата утврдени во новиот Закон за инспекциски надзор, чија примена отпочна на 30 ноември 2019 година. Оттука, се предлага на страница 71 Активноста 1.1 да изостане, затоа што донесувањето на методологија за проценка за ризици е предвидено со Законот за инспекциски надзор.

Понатаму, во функција на остварувањето на стратешката цел 6, се предлага, во Акцискиот план, во делот посветен на Сектор 5.3., под Проблем 5 „Недоволно функционален инспекциски надзор во локалната самоуправа“, во Мерка 1 Активноста 1.1. „Спроведување на континуиран инспекциски надзор од страна на Државниот управен инспекторат во единиците на локалната самоуправа во однос на исполнување на законската обврска за вработување на овластени инспектори“ да се промени и да гласи: „Подготовка на анализа за капацитетот на човечките ресурси во со закон утврдените инспекциски служби на локално ниво со предлог за зајакнување на капацитетите и функционалноста“.

Надлежни институции за активноста која се предлага се Министерството за информатичко оштество и администрација, Инспекцискиот совет и Министерството за локална самоуправа.

Исто така, се предлага под истата мерка да се додаде нова Активност 1.2 која ќе гласи „Измена на Законот за инспекциски надзор и други закони согласно наодите и препораките од анализата“, а како надлежни институци за нејзина подготовка да бидат наведени: Министерството за информатичко оштество и администрација, Инспекцискиот совет и Министерството за локална самоуправа.

- *Сектор 5.4 Здравство*

По однос на делот кој се однесува на клиничките испитувања и огласувањето, се потенцира дека подготовката на Законот за лекови е во тек, за што би било потребно да се прилагодат роковите за донесување на подзаконските акти кои ќе произлезат од истиот.

Во Акцискиот план, во делот посветен на овој сектор, под Проблем 2, за Мерката 3, во колоната „Надлежна институција" потребно е да се прецизира за кои комори односно стручни здруженија се работи.

- *Сектор 5.5 Образование*

По однос на Проблем 1. Мерка 1. од Акцискиот план за секторот Образование, каде како Активност 1.1. е предвидено донесувањето на подзаконски акти по однос на спроведување на интервјуто и утврдување на критериуми за бодирање при изборот на кандидати за наставници, информираме дека во август 2019 година донесен е Закон за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија", број 161/2019), каде со член 10 став 3, а со цел подобрување на квалитетот на наставниот кадар и стручните служби, но и со цел намалување на изразените влијанија и дискрециони овластувања во образованието, воведено е дека кога на јавен оглас ќе се појават повеќе кандидати, предност имаат наставниците кои имаат повисок степен на соодветно високо образование и повисок просек во текот на додипломските студии. Самиот Закон за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта не предвидува донесување на подзаконски акт по однос на спроведување на интервју и бодирање при избор на кандидатите.

За Мерката 1 „Воспоставување на јасни критериуми за бодирање и постапки при спроведување на интервју за вработување на наставници во основното и средно образование" да се има предвид потребата за вклучување на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците во делот „Надлежни институции".

По однос на Проблем 4 Мерка 1, која се однесува на воспоставување на прецизни критериуми за набавка и користење на образовните помагала во основните и средните училишта, каде цел е да се измени Законот за учебници, се укажува дека определувањето и употребата на нагледните средства се во надлежност на Бирото за развој на образованието. Имено, советниците од Бирото за развој на образованието при изготвувањето на наставните програми определуваат/укажуваат што треба да се користи по одреден наставен предмет. Самиот Закон за учебници не ги третира нагледните средства.

По однос на Проблем 5 Мерка 1, за да се донесат подзаконски акти со кои ќе се регулира начинот на спроведување на набавките во воспитно-образовните установи кои не подлежат на Законот за јавните набавки (обезбедување на училиштето, фотографирање на ученици и изработка на алманаси, набавка на ужинка итн.), се укажува дека е потребно претходно да се дополнат одредбите од

Законот за основното образование и Законот за средното образование, во насока на утврдување законски основ за донесување на тие подзаконски акти.

Во врска со Проблем 6 Мерка 1, која предвидува да се донесат подзаконски акти по однос на издавањето на недвижен имот на воспитните и високо образованите институции, се напоменува дека оваа материја е регулирана со Законот за користење и располагање на стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (членовите 4, 5, 6, 7, 36 ,37, 38, 39, 40 и 40-а), и се предлага оваа мерка да се преформулира, односно и издавањето под закуп на простор за општинските училишта да се доуреди во Законот за користење и располагање на стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост.

Што се однесува на делот кој се однесува на изборот на академскиот кадар, се укажува дека е неприфатливо навлегувањето во сферата на академската слобода и автономијата на универзитетот.

Имено, во наративниот дел на Националната стратегија посветен на Секторот Образование, во делот „Образложение за проблемите“ е наведено дека „Во сферата на високото образование, треба да се воспостави механизам на редовен надзор од страна на Државниот просветен инспекторат над постапките за избор во наставно-научни звања.“. Се цени дека оваа стратешка определба е нејасна и недоволно прецизна. Поради тоа што Државниот просветен инспекторат врши редовен инспекциски надзор согласно својата годишна програма, не е доволно јасно што би значело воспоставувањето на редовен надзор. Понатаму, по однос на изборот во наставно-научните звања на високо-образовните установи Државниот просветен инспекторат има ограничена надлежност да врши надзор само на почитување на постапките за избор. Доколку се алудира на зголемување на проактивноста и надлежностите на Државниот просветен инспекторат, се истакнува дека тоа е спротивно на досегашните залагања на оваа Влада за зголемување на автономијата на универзитетите. Се поставува прашањето како инспектор од Државниот просветен инспекторат би навлегол во содржината на рецензентските извештаи. Во еден едноставен пример, рецензентската комисија може да избере соодветен кандидат и покрај тоа што има помалку публикувани научни трудови, доколку неговите трудови се од поголем квалитет и значење од противкандидатот кој има повеќе публикации. Простор за ваквото оценување мора да постои, а контролата се постигнува со тоа што целиот наставно-научен совет ги донесува крајните одлуки. Предвид наведеното, постојат реални сомнежи дека корупцијата во високо-образовните установи ќе биде спречена преку надзор од Државниот просветен инспекторат.

Оттука, потребно е да се разработат поинакви и релевантни стратешки определби.

По однос на мерките кои се однесуваат на подигање на јавната свест и спроведувањето на антикорупциската едукација, информираме дека по известување од страна на Министерството за образование и наука веќе трета година основните училишта во рамки на своите годишни програми за работа планираат активности поврзани со антикорупциска едукација, кои вообичаено се

во форма на вон-наставни активности. Ги поздравуваме предложените активности за изготвување на програма за обуки на наставниците за етика и интегритет и изготвување на водич/брошура за превенирање на корупцијата.

- *Сектор 5.7 Урбанизам и просторно планирање*

Во наративниот дел од Националната стратегија посветен на Секторот 5.7 „Урбанизам и просторно планирање“, во делот Образложение за проблемите, наместо Закон за просторното и урбанистичко планирање треба да стои Закон за урбанистичко планирање, од причина што тоа е новиот назив на Законот, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр.32/20, а со истиот се утврдуваат само стандардите на урбанистичкото планирање. Се укажува дека со овој закон не се предвидува „урбанистичко-планска документација“, па оттука наместо „задолжителни анализи при изработката на урбанистичко-планската документација“, треба да стои „задолжителни анализи при изработката на урбанистичките планови“.

Во врска со предвидените мерки под овој сектор во Акцискиот план, се укажува на следното:

Активноста под Проблем 1 Мерка 1, која гласи „Измена на Законот за градење во насока на задолжително иницирање постапка за одземање на лиценцата за надзор на правното лице доколку е констатирана неправилност со прикажување на невистинита состојба“, потребно е да се преиспита, предвид тоа што со член 38 ставови (5) и (6) од Законот за градење регулирано е тоа прашање. Имено, со оглед дека член 38 став (5) предвидено е дека лиценцата за надзор се одзема доколку правното лице за вршење на надзор на изградба на градби изготви или завери писмен извештај за одделена фаза за градењето со констатации кои не се во согласност со изведените работи, изготви или завери завршен извештај за извршен надзор со констатации кои не се во согласност со изведените работи, изготви или завери извештај за извршен технички преглед спротивно на одредбите од член 90 ставови (3) и (4) од Законот. Со член 90 ставови (3) и (4) предвидено е дека „надзорниот инженер кој врши технички преглед за градбите од втора категорија од членот 57 на овој закон и за надградбите во случаите од членот 59-ѕ став (1) од овој закон, во извештајот за извршен технички преглед констатира дали градбата е изградена согласно со основниот проект или проектот на изведена состојба и одобрението за градење...“. Во таа смисла и со член 36 од Законот за градење е предвидено дека надзорниот инженер е должен, меѓу останатото, да врши проверка над изградбата дали истата е во согласност со основниот проект и одобрението за градење.

Оттука, имајќи ги предвид наведените одредби, а согласно член 38 став (6) од Законот за градење, лиценцата се одзема врз основа на предлог на градежен или овластен градежен инспектор со записник за констатирана неправилност, а за градбите од втора категорија од член 57 од Законот, и врз основа на предлог на органот надлежен за издавање на одобрение за градење од член 58 од Законот, за овој вид на градби, со записник за констатирана неправилност.

Воедно со член 131 од истиот Закон пропишано е дека овластениот градежен инспектор согласно надлежностите утврдени со овој и друг закон има право да врши инспекциски надзор во текот на изградбата, како и инспекциски надзор на објект кога во него се врши пренамена на конструктивните елементи во поглед на нивната механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита, како и при пренамена од станбен во деловен простор и обратно.

Врз основа на наведеното по однос на овој сектор, се укажува дека Законот за градење содржи одредби за вршење на инспекциски надзор, а дали ќе има засилен надзор од страна на овластените градежни инженери над изведба на градбите од втора категорија и ќе се поднесуваат барања за одземање лиценци, зависи од инспекциските служби во општините.

- *Сектор 5.8 Животна средина*

Во делот кој се однесува на животната средина, се предлага да биде опфатен и анализиран и сегментот за управување со води, односно постапките за издавање на дозволи за користење на води, дозволи за испуштање на отпадни води, како и дозволи за користење на песок, чакал и камен од речните корита, покрај делот кој се однесува на управувањето со отпад.

- *Сектор 5.9 Земјоделство*

Во делот на Акцискиот план посветен на Секторот 5.9. Земјоделство, Проблем 3, предвидена е Активност 1.3. „Донесување на законско решение за воспоставување советодавни служби за давање помош на потенцијалните корисници за доделување на финансиска поддршка“, со рок на реализација прва половина 2022 година. Со оглед на тоа што истата мерка, во нацрт - текстот на НПАА е предвидена преку донесување на Закон за советодавен систем во земјоделството со рок на реализација 31.12.2023 година, се укажува дека е потребно да се усогласат предвидените рокови за реализација.

- *Сектор 5.10 Спорт*

Во Акцискиот план, во делот посветен на Сектор 5.10, Проблем 1, во Мерка 1. Се предлага по зборовите „Донесување на стратегија за објектите за спорт во државна сопственост“ да се додадат зборовите “и во сопственост на единиците на локалната самоуправа“. Соодветно, во активностите 1.1, 1.2 и 1.3 по зборовите „во државна сопственост“ се предлага да се додадат зборовите „и во сопственост на единиците на локалната самоуправа“. Под „Надлежни институции“ за сите три активности, покрај Агенцијата за млади и спорт, се предлага да се додадат Министерството за правда и Министерството за локална самоуправа.

- *Сектор 5.11 Економија и бизнис*

Во наративниот дел посветен на Секторот Економија и бизнис, се говори за тоа дека не постои регистар за имотот во државна сопственост, односно за недостаток

од систематизирани информации за начинот на којшто се управува и располага со тој имот. Во таа насока, се цени дека е потребно да се спомене платформата „Отворени финансии“ на која секој граѓанин може да ги следи расходите од трезорот на Република Северна Македонија. Секое развивање на систем за следење на начинот на којшто се управува и располага со имотот на Република Северна Македонија во иднина може да биде надоградба на овој веќе-воспоставен и функционален систем.

Во врска со Проблем 4 „Недоволна вклученост на помалите економски субјекти во процесот на креирање на економските и другите политики релевантни за бизнис заедницата“, како пример за транспарентен и инклузивен начин на спроведување на процесите за изготвување на стратешките документи се истакнуваат процесите на изготвување на Стратегијата за мали и средни претпријатија 2018-2023 и Стратегијата за женско претприемништво 2019-2023. Во процесот на изготвување на двата стратешки документи се вклучени стопански и занаетчиски комори, бизнис центри и здруженија, во својство на асоцијации и репрезенти на разните видови бизниси.

Во однос на транспарентното доделување на концесии за вршење на детални геолошки истражувања на минерални суровини, се укажува да се има предвид дека концесија за детални геолошки истражувања се доделува врз основа на јавен повик со електронска аукција под услови и на начин утврден со Законот за минерални суровини и Законот за концесии и јавно приватно партнерство. Јавниот повик се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“, во еден дневен весник на македонски јазик, во еден дневен весник кој е издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, како и на системот е-концесии на Министерството за економија.

Во однос на наплатата на концесискиот надоместок, се укажува дека на 28.1.2020 година донесен е нов тарифник со кој се утврдува висината на надоместоците за издавање дозволи, концесии за детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини, а во зависност од видот, количината, квалитетот и начинот на преработка на минералната суровина, така што концесискиот надоместок не се наплаќа паушално. Исто така, потребно е да се има предвид дека концесионерот е должен да врши геодетско снимање и да изготви геодетски елаборат со пресметка на откопаните количини минерални суровини, во кој прецизно ќе се дефинираат количините на откопаната количина на минерални суровини и периодот во кој тоа е извршено, а најдоцна до 31 јануари во тековната година за претходната година. Инспекцискиот надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за минерални суровини го врши Државниот инспекторат за техничка инспекција преку државни геолошки инспектори, државни рударски инспектори и државни инспектори за електрика во рударството и други инспекциски органи согласно закон.

Понатаму, заради усогласеност на мерките со предвидените активности, се укажува дека е потребно, во Акцискиот план, во делот посветен на Секторот 5.11., под Проблем 3. Мерка 1, во Активноста 1.1. на крајот да се додадат зборовите „како и недвижниот имот во сопственост на единиците на локалната самоуправа". Во Активноста 1.2 по зборовите „државна сопственост" да се додадат зборовите „и во сопственост на единиците на локалната самоуправа". И за двете активности, индикаторите треба да бидат дополнети за да ја опфатат и евиденцијата на недвижниот имот во сопственост на единиците на локалната самоуправа.

- *Сектор 5.12 Јавни претпријатија и акционерски друштва во сопственост на државата и локалната самоуправа*

Се предлага насловот на Секторот 5.12 „Јавни претпријатија и акционерски друштва во сопственост на државата и локалната самоуправа" да се преименува во „Трговски друштва", поради тоа што постојат и други форми на трговски друштва кои се во сопственост на државата (како ДООЕЛ, ДОО итн.). Работењето на јавните претпријатија и трговските друштва во целосна или делумна сопственост на државата или локалната самоуправа е уредено со Законот за јавните претпријатија и Законот за трговските друштва.

Сите три приоритетни проблеми наведени под поглавјето посветено на овој сектор во наративниот дел на Националната стратегија, како и во Акцискиот план, потребно е да се преформулираат соодветно, за да се однесуваат подеднакво на јавните претпријатија и на акционерските друштва во сопственост на државата и локалната самоуправа.

Со цел соодветна опфатност на предвидените мерките под овој сектор, се укажува дека е потребно да се внимава на термините, со тоа што во целиот текст каде е соодветно ќе се користи формулацијата „Јавни претпријатија и трговски друштва во доминантна сопственост на државата".

- *Сектор 5.13. „Медиуми и граѓанско општество"*

Во врска со Секторот 5.13, во делот на Проблем 1 Мерка 1 „Воспоставување на обврска за институциите од јавен сектор да доставуваат извештаи за склучени и реализираните договори со медиуми, интернет портали, маркетинг агенции и медиумски работници", како и Активноста 1.1 „Измени на законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во однос на воспоставување на обврска за институциите од јавен сектор и единиците на локалната самоуправа јавно да ги објавуваат извештаите за склучени и реализирани договори од било кој вид со медиуми, интернет портали, маркетинг агенции и медиумски работници", треба да се има предвид дека со членот 102 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги „државните органи, органите на државната управа, јавните претпријатија, единиците на локалната самоуправа, јавните установи и институции, како и правните лица со јавни овластувања и трговските друштва во целосна државна сопственост не смеат да предвидуваат средства за информирање и запознавање на јавноста со свои услуги или активности преку приватни радиодифузери".

Исто така, ниту со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а ниту со Законот за медиуми не се дефинирани интернет порталите, маркетинг агенциите и медиумските работници, па оттука предложената Активност 1.1 не може да биде опфатена ниту со измена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а ниту со измена на Законот за медиуми. Дотолку повеќе што обврската предвидена со Активноста 1.1 се однесува на сите јавни институции и единици на локалната самоуправа, а не на медиумите.

Дополнително се наметнува прашањето кој би го вршел надзорот над сите јавни институции и над единиците на локалната самоуправа за спроведување на предвидената Мерка 1.

Понатаму, во Акцискиот план, во делот посветен на Сектор 5.13., за активностите предвидени под Проблем 3 „Зајакнување на транспарентноста на институциите при планирање на средствата за финансирање на ГО како и на отчетноста за реализацијата и ефектите на проектите", во делот „Надлежна институција", покрај наведените институции, потребно е да се наведе и Министерството за локална самоуправа.

- *Генерални забелешки*

Се укажува на потребата за методолошко усогласување на Акцискиот план, од аспект на разложувањето на предвидените мерки во активности, определувањето на надлежните институции и фискалните импликации (потребните износи на финансиски средства и извори на финансирање). Заради техничко подобрување и усогласеност на текстот во Акцискиот план, потребно е кон истиот да се приложи соодветна листа на кратенки или да се впишат целосните називи на институциите кои се наведени во него.

Исто така, потребно е да се воспостави ефикасен механизам за следење на реализацијата на Акцискиот план, особено имајќи предвид дека со новата комуникација на Европската комисија „Зајакнување на процесот на пристапување – Кредибилна перспектива на ЕУ за Западен Балкан", борбата против корупцијата ќе се следи како хоризонтално прашање.

Се очекува дека имплементацијата на Националната стратегија ќе придонесе за подобрувањето на интегритетот, транспарентноста и отчетноста во повеќе сектори на општеството, а со тоа ќе се намали нивото на корупција и ќе се зголеми довербата на јавноста во работата на законодавната, судската и извршната власт.

Конечно, заради значењето на Националната стратегија, по нејзиното усвојување, при следењето на нејзината имплементација потребно е да се имаат предвид горенаведените забелешки и веќе започнатите конкретни активности и процеси во насока на остварување на определени мерки утврдени со Националната стратегија чиишто пристап може да се разликува од предвидениот со Акциски план. Исто така, потребно е да се има предвид потребата за натамошна соработка во насока на

појаснување на одредени термини и предложени мерки и прецизирање на констатациите со кои се презентираат одредени состојби, а особено во насока на усогласување на активностите предвидени со Акцискиот план, вклучително и од аспект на поставените рокови и надлежните институции, имајќи ги предвид нивните поединечни мислења. Особено се важни спроведената анализа на ризиците за корупција, како и инклузивниот и транспарентен процес на консултации со сите релевантни институции и организации.

Во врска со следењето на спроведувањето на Националната стратегија, од особена важност е да се имаат предвид и индикаторите и областите на интервенција во Стратешкиот одговор за Прозорец 1. Владеење на правото, фундаментални права и демократија, Тематски приоритет 2. Борба против корупцијата, кои ќе бидат основа за финансиската поддршка од ЕУ за оваа област преку новиот инструмент за претпристапна помош ИПА III.

Согласно член 18 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата го следи спроведувањето на мерките од Националната стратегија и подготвува годишни извештаи и завршен извештај за спроведувањето на Националната стратегија. Извештаите ги доставува до Собранието на Република Северна Македонија, најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година.

Во контекст на донесувањето на новиот национален анти-корупциски стратешки документ, се укажува дека еден од предложените заклучоци од последниот состанок на Поткомитетот за правда и внатрешни работи кој се одржа на 18-19 ноември 2020 година, е токму да се финализира сеопфатна стратешка рамка за борба против корупцијата, ориентирана кон резултати, до вториот квартал од 2021 година.

Зајакнувањето на капацитетите за борба против корупција е особено важно и ако се има предвид дека согласно Новата методологија за пристапни преговори – „Зајакнување на процесот на пристапување – Кредибилна перспектива за Западен Балкан“, борбата против корупцијата ќе се следи како хоризонтално прашање во сите релевантни поглавја, а резултатите од овие реформи ќе бидат услов за подлабока секторска интеграција и напредок. Напредокот во преговорите во овој кластер ќе влијае и на динамиката во сите други кластери, а затворањето на секое поглавје кое е поврзано со политиките на борба против корупцијата ќе зависи од постигнатите конкретни резултати.

Имајќи го предвид горенаведеното, за остварување на целите на Националната стратегија, се оценува дека е неопходно остварувањето на соработка меѓу институциите координирана од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата, во рамки на процесот за следење на спроведувањето на стратешкиот документ.

## Точка 85

Владата го разгледа Извештајот за работа на ректорот и на Универзитет за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ во Охрид за периодот од 1.1.2019 година до 31.12.2019 година и притоа го утврди следното мислење:

Во Годишниот извештај за работата на ректорот на Универзитет за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ во Охрид за 2019/2020 година, се дадени сите статистички податоци, почнувајќи од академската 2011/2012 година до академската 2019/2020 година, со статистички податоци-графикони за број на студиски програми, вкупниот број на запишани студенти на прв, втор циклус, наставниот кадар, одржани предавања на визитинг професори, настани, меѓународна соработка, новиот Статут на Универзитетот, самоевалуација, Финансиски извештај за 2019 година (буџетска сметка, сопствена сметка и проектни сметки, приходи остварени во 2019 година, расходи и добивка), поради што се смета дека станува збор за прегледен и содржаен Годишен извештај за работа на ректорот на Универзитетот.

Врз основа на погоренаведеното, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по Извештајот за работа на ректорот и на Универзитет за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ во Охрид за периодот од 1.1.2019 година до 31.12.2019 година.

## Точка 86

Владата го разгледа Барањето за склучување на Колективен договор на ниво на работодавач Универзитет „Св.Кирил и Методиј“, во Скопје и притоа го утврди следното мислење:

Согласно издаденото Решение бр.08-360/10 од 25.1.2019 година, од страна на Министерството за труд и социјална политика, Самостојниот синдикат за образование, наука и култура (СОНК), е единствен репрезентативен синдикат во делот на високото образование во нашата држава и согласно тоа единствен синдикат кој во моментов може да преговара и потпишува колективни договори на ниво на гранско ниво.

Воедно, Владата известува дека Министерството за образование и наука како претставник на работодавачите од една страна и Самостојниот синдикат за образование, наука и култура (СОНК) како претставник на работниците од друга страна, водат интензивни преговори за склучување на грански колективен договор со кој би се опфатиле сите високообразовни установи во државата.

Во поткрепа на горенаведеното, Владата Ве известува и дека Самостојниот синдикат за образование, наука и култура (СОНК) со допис бр.0301 – 46/1 од 14.9.2020 година, до Министерството за образование и наука достави актуелни прашања и проблеми во сферата на образованието кои беа тема за дискусија на

работната средба со министерката за образование и наука, одржана на 1.10.2020 година, а како најприоритетно се постави барањето за отпочнување на преговори за изготвување на колективен договор за високото образование.

.

По однос на Информацијата за состојбата на тутунот од реколта 2020-2021 заклучно до 21.12.2020 година поднесена од група пратеници, Владата на Република Северна Македонија дава негативно мислење.
Истовремено, Владата на Република Северна Македонија информира дека Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство и Државниот инспекторат за земјоделство ја следат динамиката на откуп на тутун и во рамки на своите законски надележности преземаат соодветни мерки и активности за непречен откуп.

**<u>Точка 87</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата на тутунот од реколта 2020-2021 заклучно до 21.12.2020 година, поднесена од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

По однос на Информацијата за состојбата на тутунот од реколта 2020-2021 заклучно до 21.12.2020 година поднесена од група пратеници, Владата на Република Северна Македонија дава негативно мислење. Истовремено, Владата на Република Северна Македонија информира дека Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство и Државниот инспекторат за земјоделство ја следат динамиката на откуп на тутун и во рамки на своите законски надележности преземаат соодветни мерки и активности за непречен откуп.

**<u>Точка 88</u>**

Владата ја разгледа Статутарната одлука за изменување на Статутот на Европски Универзитет бр.02-805/1 од 2 ноември 2020 година и притоа го утврди следново мислење:

Текстот на статутарната одлука треба да се доуреди од номотехнички аспект.

Оваа статутарна одлука треба да содржи три члена.

Измената која се однесува на членот 41 од Статутот, се менува со член 1, а измената од член 70 се менува со член 2.

Членот 2 треба да стане член 3.

## Точка 89

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд од политичката партија ВМРО – ДПМНЕ и м-р Стојанче Геровски – адвокат од Скопје, за поведување на постапка за оценување на уставноста на одредбата од член 30, став 2, точка 9 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр.96/18), а во врска со член 119 став 1 точка 9 од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.191/19) и притоа го утврди следното мислење:

Во член 24 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18) се определени надлежностите на Регулаторната комисија за енергетика која, заради обезбедување на ефикасно, конкурентно и непречено функционирање на енергетските пазари, меѓу другото донесува и правила за снабдување со електрична енергија, правила за снабдување со топлинска енергија и правила за снабдување со природен гас. Членот 30 во став 2 од Законот за енергетика, подетално ги утврдува општите услови и начинот на снабдување, како и меѓусебните права, обврски и одговорности на снабдувачот и потрошувачот на соодветен вид енергија и операторот и тоа:

1) условите, начинот и рокот на склучување на договорот за снабдување со соодветниот вид енергија;
2) начинот на мерење, пресметка, фактурирање и наплата на испорачаната енергија;
3) потрошувачите на кои не може да им се прекине испораката и начинот на обезбедување на гаранции за намирување на трошоците за потрошената енергија;
4) начинот и постапката за промена на снабдувачот од страна на потрошувачите и остварувањето на правото на потрошувач без надомест да го промени снабдувачот;
5) квалитетот на услугите обезбедени од страна на снабдувачите на енергија;
6) минималните услови и начинот за организациска поставеност и техничка опременост на снабдувачите на енергија за обезбедување на комуникација со потрошувачите заради обезбедување на пропишаниот квалитет на услугите коишто ги обезбедува снабдувачот;
7) обврски на снабдувачот кон различните категории на потрошувачи и специфичноста на секоја категорија на потрошувачи во однос на нивната финансиска и преговарачка способност;
8) начинот и постапките за комуникација и размена на информации помеѓу снабдувачот на енергија и операторот на соодветниот систем заради обезбедување на пропишаниот квалитет на енергијата и услугите што ги обезбедуваат операторите;
9) условите и постапката за исклучување на потрошувачите од системите за пренос или дистрибуција, во случај кога потрошувачите не ги исполнуваат обврските утврдени со закон, друг пропис и/или договор;
10)начинот, формата и рокот за поднесување на извештаи, кои снабдувачите на енергија и соодветните оператори се должни да ги доставaт до Регулаторната комисија за енергетика;

11) неопходните информации што снабдувачите се должни навремено да им ги обезбедат на потрошувачите во нивните сметки, како и информациите што треба да бидат јавно достапни, а се од интерес за сите потрошувачи;
12) услови и начини за снабдување на ранливи потрошувачи и
13) посебните мерки за заштита на потрошувачите.

Дополнително, со правилата за снабдување се уредуваат правата и обврските на снабдувачите со енергија, односно снабдувачот со електрична енергија.

Министерството за економија, според член 15 од Законот за енергетика има обврска за донесување на Програма за заштита на ранливите потрошувачи на енергија. Во јануари 2020 година беше донесена Програма за заштита на ранливи потрошувачи на енергија („Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 13/20), со која се дефинираат категориите на ранливи потрошувачи и мерките кои се превземаат, па така според член 2, став 2, ранлив потрошувач е домаќинство:
1) коешто користи гарантирана минимална помош и остварува паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството во согласност со член 42 од Законот за социјална заштита и старите лица согласно член 7 од Законот за социјална сигурност на стари лица и
2) во коешто живее лице во состојба на социјален ризик (мајчинство, болест, старост, повреда и попреченост) на коешто снабдувањето со енергија и/или правото за користење на мрежата му се дава по посебни услови и начин утврдени во правилата за снабдување со одделен вид на енергија.

Програмата, меѓу другото предвидува мерки кои ги превзема снабдувачот односно универзалниот снабдувач кој го снабдува потрошувачот со енергија, за преземање на следните мерки:
1) неисклучување на ранлив потрошувач поради неплатени сметки за испорачана енергија во месеците декември, јануари и февруари, при што оваа мерка не се однесува на домаќинства во оддалечени подрачја запишани во евиденцијата за ранливи потрошувачи на енергија,
2) неисклучување на ранлив потрошувач на енергија поради неплатена сметка за испорачана енергија ако од рокот за доспеаност за плаќање на сметката не се поминати повеќе од 60 дена,
3) известување во писмена форма за планираното исклучување најдоцна 40 дена пред исклучувањето,
4) можност за одложено плаќање на доспеаниот долг или реструктуирање на долгот,
5) информирање на ранливите потрошувачи на енергија за нивното право да побараат користење на една или повеќе од мерките за заштита.

Со тоа се овозможува најпогодените категории на потрошувачи на енергија да бидат заштитени од исклучување од дистрибутивната мрежа за користење на електрична енергија. Дополнителни ослободувања од обврската на потрошувачите за подмирување на трошоците кон снабдувачите на енергија може да ја доведат во прашање ликвидноста на самите компании ако дополнително се земе во предвид природата на електричната енергија и процесот на нејзино добивање.

Законот за енергетика предвидува механизам на контрола на работењето на вршителите на енергетските дејности. Имено, согласно член 16 од овој закон Регулаторната комисија за енергетика е самостојно, непрофитно регулаторно тело кое го регулира и контролира начинот на вршење на енергетските дејности од овој закон.

Регулаторната комисија за енергетика е независна во своето работење и одлучување и својата надлежност во регулирањето на енергетските дејности ја остварува во рамките утврдени со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и во согласност со начелата на објективност, транспарентност и недискриминација, со примена на најдобрите меѓународни искуства и практики.

Заради остварување на својата надлежност Регулаторната комисија за енергетика меѓудругото одобрува и Мрежни правила за дистрибуција на електрична енергија. Согласно член 25 од Законот за енергетика Регулаторната комисија за енергетика го следи функционирањето на пазарите меѓудругото и со цел за спроведување на мерки за заштита на потрошувачите од страна на операторите на системите за пренос и дистрибуција, како и снабдувачите особено во поглед на:

- добивање на целосни и разбирливи информации во поглед на цените и тарифите што се во примена на цените на енергија за домаќинствата,
- начините на плаќање на сметките за потрошена енергија,
- исклучувањата на корисниците од системите,
- надоместоците за поправки и одржување на мрежите,
- постапувањата по приговорите и претставките доставени од потрошувачите,
- правата на потрошувачите да добијат податоци за сопствената потрошувачка, и
- обезбедување на информации за потрошувачите што се однесуваат на нивните права.

Врз основа на претходно наведеното може да се заклучи дека член 30, став 2, точка 9 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18) не е во несогласност со член 8 став 1 алинеја 3, 6, 8 и 11, член 9 и член 54 став 2 и став 3 од Уставот на Република Северна Македонија заради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли предложената иницијатива како неоснована.

**Точка 90**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи Зафиров за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.111595 за КО Центар 1 на КП бр.10920 дел 1 викано место/улица М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 112879 за КО Центар 1 на КП бр. 10913 дел 17 викано место/улица И.р.Лола, Имотен лист бр. 112873 за КО Центар 1 на КП бр. 10901 дел 4, Имотен лист бр. 111597 за КО Центар 1 на КП бр. 10919 дел 2, 3 викано место/улица М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 112874 за КО Центар 1 на КП бр. 10917 дел 3 викано место/улица М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 111598 за КО Центар

1 на КП бр. 10925 викано место/улица М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 111585 за КО Центар 1 на КП бр. 10900 дел 6 викано место/улица М.Т.Гологанов и не ја прифати понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 91

1. Владата го отповика Александар Цуцулоски од должноста вршител на должноста член на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

1.1. Владата го избра Мухамед Љамалари за член на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

2. Владата заклучи да му предложи на Собранието на Република Северна Македонија за неизвршни членови на Советот на Народната банка на Република Северна Македонија, со мандат од седум години да ги именува:

1. Борче Треновски
2. Никола Поповски
3. Марјан Петрески

3. Владата го именува Исни Јакупи за директор на Управата за водостопанство, орган во состав на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

4. Владата ја именува Татијана Лалчевска за директор на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија.

5. Владата ја разреши Наташа Јанковска од должноста член на Советот за стручно образование и обука, претставник од Министерството за образование и наука, на нејзино барање.

5.1.Владата ја именува Снежана Костовска Фрчковска за член на Советот за стручно образование и обука, претставник од Министерството за образование и наука.

6. Владата за членови на Училишниот одбор – претставници на основачот на Државното средно училиште - Регионален центар за стручно образование и обука „Моша Пијаде“ Тетово, ги именува:

1. Арбен Несим
2. Горан Савески
3. Душко Коцески

7. Владата од должноста членови на Училишниот одбор – претставници на основачот на Државно училиште за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов" - Скопје, ги разреши:

1. Славче Ивчевски
2. Елена Стефановска.

7.1. Владата за членови на Училишниот одбор – претставници на основачот на Државно училиште за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов" - Скопје ги именува:

1. Елена Стефановска
2. Симона Јовевска
3. Натали Папакоч-Илиевска.

8. Владата на членовите на Управниот одбор- претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Прилеп Славчо Ѓоргиоски, Влатко Јовановски и Кристијан Талески им утврди престанок на мандатот поради спојување на ЈЗУ Здравствен дом Прилеп со ЈЗУ Општа болница – Прилеп во ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Прилеп.

9. Владата на членовите на Управниот одбор- претставници на основачот на ЈЗУ Општа болница – Прилеп Миле Велкоски, Николина Недеска и Кире Северкоски им утврди престанок на мандатот поради спојување на ЈЗУ Општа болница – Прилеп со ЈЗУ Здравствен дом Прилеп во ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Прилеп.

10. Владата за членови на Управниот одбор – претставници на основачот на ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Прилеп ги именува:

-Миле Велковски,
-Кристијан Талески и
-Николина Недеска.

11. Владата на Ивана Костовска и утврди престанок на мандатот член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „д-р Иван Георгиев"– Пехчево, на нејзино барање.

11.1.Владата го именува Петар Цветковски за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „д-р Иван Георгиев"– Пехчево.

12. Владата на Славе Јорданов му утврди престанок на мандатот член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје – Велес, на негово барање.

12.1. Владата го именува Марјан Габеров за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје – Велес.

13. Владата го разреши Јане Андовски од должноста член на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип - стручен работник од центарот за социјална работа, на негово барање.

13.1. Владата ја именува Снежана Петрушев за член на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип - стручен работник од центарот за социјална работа.

14. Владата на Ѓоко Танасоски, разрешен од должноста директор на Царинска управа, орган во состав на Министерството за финансии му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, сметано од 12.1.2021 година до 12.1.2022 година.

15. Владата на Зоран Стојановски, разрешен од должноста директор на Воспитно - поправна установа Воспитно поправен Дом – Тетово му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, сметано од 7.12.2020 година до 7.12.2021 година.

16. Владата на Зеќир Јакупоски, разрешен од должноста вршител на должност заменик на директорот на Центарот за управување со кризи му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, сметано од 17.11.2020 година до 17.11.2021 година.

17. Владата го разреши Александар Костадинов од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Центар за социјална работа Виница, на негово барање поради постоење на состојба на судир на интереси.

17.1. Владата ја именува Ленка Павлова за член на Органот за надзор на ЈУ Центар за социјална работа Виница.

18. Владата го разреши Арјан Даци од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за хирургија на лице, вилици и врат - максилофацијална хирургија – „Академик Илија Васков“, поради постоење на состојба на судир на интереси.

18.1. Владата го именува Шкељким Селими за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за хирургија на лице, вилици и врат - максилофацијална хирургија – „Академик Илија Васков“.

19. Владата ја разреши Шкодране Дарлишта од должноста вршител на должност директор на ЈУ од областа на здравството за потребите на ЈЗУ универзитетски клиники, завод и ургентен центар Скопје поради постоење состојба на судир на интереси.

19.1. Владата го именува Амар Даут за вршител на должноста директор на ЈУ од областа на здравството за потребите на ЈЗУ универзитетски клиники, завод и ургентен центар Скопје.

20. Владата од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта ги разреши:

- Љупчо Павловски, на негово барање и
- Даут Хајрулахи.

20.1. Владата за членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта ги именува:

- Стојанче Манев,
- Илир Селмани.

21. Владата ја разреши Билјана Симонова - Тасева од должноста член на Управниот одбор на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о., на нејзино барање.

22. Владата се информираше за оставката од Даниел Димевски од должноста претседател на Комисијата за евалуација на предлог-листата на спортски ваучери и врз основа на член 14-г став 9 од Законот за спорт, на органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот за формирање на Централна комисија за евалуација на предлог-листата, за период од четири години (Агенција за млади и спорт), ги предложи: за претседател Огнен Стојановски и за членови: Ѓорѓи Тасев, Наташа Смилевска, Нијази Елмазов, Дриљон Леши, Иван Миноски и Бејтула Емини.

23. Владата заклучи да му препорача на Надзорниот одбор на Акционерско друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост – Скопје да го разреши од должноста член на Управниот одбор на Акционерско друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост – Скопје Драги Цветковски, а за нов член на Управниот одбор да го избере Нуредин Фетаи.

<u>**Точка 92**</u>

**1.** Владата на предлог на Мухамед Зеќири, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, а во врска со потребата од формирање нова Комисија за евалуација на извештаите за текот на реализацијата на инвестицискиот план односно завршните извештаи во рамките на Министерството

за економија кое согласно Уредбата со законска сила за финансиска поддршка за зајакнување на конкурентноста на деловните субјекти во текот и во пост COVID периодот („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.153/20) врши контрола на процесот на имплементација и точноста на извештаите, заклучи министерот за економија во рок од еден ден да достави барање за номинација за членови од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во горенаведената Комисија.

**2.** Владата по Информацијата за потребата од дополнување на Одлуката за формирање на Работна група за подготовка на методологија за процена на штети од елементарни непогоди и други непогоди бр. 40-687/1 од 19 јануари 2021 година, донесе Одлука за дополнување на Одлуката за формирање на Работна група за подготовка на методологија за процена на штети од елементарни непогоди и други непогоди, која Министерството за финансии ќе ја подготви и достави до Владата на Република Северна Македонија.

За оваа цел, се препорачува на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија, Бирото за судски вештачења и Комората на проценувачи на Република Северна Македонија до Министерството за финансии да достават номинации за членови во Работната група.

**3.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради заштита од илегална миграција и заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за Коронавирусот КОВИД-19 и спречување од негово ширење и заради висок ризик и зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија за период од 13 јануари 2021 година до 19 јануари 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**4.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за превземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението за период од 16 јануари 2021 година до 22 јануари 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.“

**5.** Владата ја разгледа Информацијата за склучување на рамковен договор помеѓу Република Северна Македонија и ЕЛ.ПЕТ. БАЛКАНИКИ, СОСИЕТЕ АНОНИМ ПЕТРОЛЕУМ, со Предлог - текст на рамковен договор и ја усвои со следниве заклучоци:

1) Го прифати текстот на предложениот Рамковен договор помеѓу Република Северна Македонија и ЕЛ.ПЕТ. БАЛКАНИКИ, СОСИЕТЕ АНОНИМ ПЕТРОЛЕУМ.

2) Се овластува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во рок од три дена да го потпише предложениот Рамковен договор помеѓу Република Северна Македонија и ЕЛ.ПЕТ. БАЛКАНИКИ, СОСИЕТЕ АНОНИМ ПЕТРОЛЕУМ.

3) Работната група која е задолжена да преговара со ЕЛ.ПЕТ. БАЛКАНИКИ, СОСИЕТЕ АНОНИМ ПЕТРОЛЕУМ во состав Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Виктор Андонов, советник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Дуња Туртова, правен советник, да биде проширена и со д-р Фатмир Бесими, министер за финансии.

**Точка 93**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работа на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија за 2019 година, како материјал за информирање.

Исто така, предлагачот да ги има предвид мислењата на Министерството за правда, Министерството за финансии и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 94**

Владата ја разгледа Програмата за работа на ЈП „Национални шуми" за 2021 година, со дополнувања, како материјал за информирање.

**Точка 95**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење за периодот од 1 јули 2020 до 30 септември 2020 година на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

Исто така, да се има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија дека е потребно да биде изготвен и доставен план за реализација во системот за следење на програми (ППМС систем).

**Точка 96**

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот на дигитализацијата на Системот за управување со кризи преку имплементацијата на NICS – Next-Generation Incident Command System - NATO SPS Project (следна генерација на Систем за управување со инциденти) во Република Северна Македонија, за период од 17 јуни 2020 година до 17 декември 2020 година (нов текст), како материјал за информирање.

**Точка 97**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за статусот на реализација на Националниот акциски план за Отворено владино партнерство 2018-2020 година (полугодишен извештај за периодот септември 2019 - март 2020 година), како материјал за информирање.

Исто така, да се има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија дека е потребно да биде изготвен и доставен план за реализација во системот за следење на програми (ППМС систем).

**Точка 98**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на распределени средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2018 година, Раздел 19101 - Министерство за локална самоуправа, Потпрограма 40 - Активности поврзани со децентрализација, Категорија 46, Ставка 464 - Разни трансфери наменети за поддршка на имплементацијата на локалните акциски планови во единиците на локалната самоуправа каде таквите планови се усвоени, а се изработени врз основа на Стратегијата за Ромите во Република Северна Македонија 2014-2020 година, како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија .

**Точка 99**

Владата ја разгледа Информацијата за изработка на Студија за валоризација на Охридско Езеро и донесување на Закон за прогласување на Охридско Езеро за заштитено подрачје и Закон за прогласување на Студенчишко Блато за заштитено подрачје, како материјал за информирање.

**Точка 100**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2021 година и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на Одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 101

Владата ја разгледа Информацијата во врска со стари дадени аванси и отворени акредитиви од 2001 година до 2011 година и кусок на опрема, оружје, муниција и гарнизона опрема, што настанал во текот на конфликот во 2001 година и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да изврши отпис на долг по основ на стари побарувања за аванси и акредитиви од 2001, 2002, 2007 и 2011 година, во вкупен износ од 70.432.570,50 денари, во рок од 10 дена.

2. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да изврши отпис на констатиран кусок на опрема, оружје, муниција и гарнизона опрема, што настанал во конфликтот од 2001 година, во вкупен износ од 85.056.158,00 денари, во рок од 10 дена.

## Точка 102

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за потребата од номинирање на подизведувач за сигнализација и телекомуникации во тендерската документација Рехабилитација на преостанатиот дел на прва делница Куманово-Бељаковце.

## Точка 103

Владата го симна од дневен ред Барањето за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати, со Предлог одлука.

## Точка 104

Владата ја разгледа Информацијата за потребите на оперативната работна група во процесот на Кодификација на правото и правниот поредок на Република Северна Македонија (нов текст) и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за потребите на оперативната работна група во процесот на Кодификација на правото и правниот поредок на Република Северна Македонија со заклучок во Оперативната работна група за отпочнување на процес на Кодификација на правото и правниот поредок во нашата држава да се вклучи и Мухамед Зеќири, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија.

2. Се укажува на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија да ги проверат можностите за користење на базата на закони и збирките на прописи на Јавното претпријатие, како појдовна основа за реализација на оперативно - техничка фаза на кодификацијата и да достават до Министерството за правда листа на закони од предметниот регистар во рок од три дена од денот на усвојувањето на оваа информација.

3. Се укажува на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија во рок од пет работни дена да обезбеди електронска листа на закони од предметниот регистар чии текстови ќе бидат во соодветна читлива форма која ќе служи како појдовна основа при Кодификацијата на правото и правниот поредок на Република Северна Македонија.

## Точка 105

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУ „Митко Пинцуклиски“ Кратово и ја донесе Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУ „Митко Пинцуклиски“ Кратово со заклучок во основот наместо член 74 став (3) да стои член 74 став (4).

## Точка 106

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом „Браќа Миладиновци“ Струга и ја донесе Одлуката со заклучок во основот за донесување на Одлуката наместо член 74 став (3) да стои член 74 став (4).

## Точка 107

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за доделување на средства на Државниот ученички дом „Крсте Петков Мисирков“ Кавадарци и ја донесе Одлуката со заклучок во основот за донесување на Одлуката наместо член 74 став (3) да стои член 74 став (4).

## Точка 108

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при СМУГС „Д-р. Панче Караѓозов“ Скопје и ја донесе Одлуката со заклучок во основот за донесување на Одлуката наместо член 74 став (3) да стои член 74 став (4).

## Точка 109

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Бранко Станоевиќ“ Гостивар и ја донесе Одлуката со заклучок во основот за донесување на Одлуката наместо член 74 став (3) да стои член 74 став (4).

## Точка 110

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со барање за ослободување од камата на Друштвото за спортски дејности Фудбалски клуб Вардар АД Скопје бр. 03-573/1 од 21.1.2021 година, за наредната седница на Владата, со заклучок Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје да ги разгледа можностите за регулирање на должничко – доверителските односи со Фудбалски

клуб Вардар АД Скопје согласно закон, преку органите на управување во Акционерско друштво и до Владата да достави соодветен предлог.

**Точка 111**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Скопје“ Скопје, во предложениот текст.

**Точка 112**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „ Томе Стефановски - Сениќ “ Скопје, во предложениот текст.

**Точка 113**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Пелагонија“ Скопје, во предложениот текст.

**Точка 114**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Браќа Миладиновци“ Штип, во предложениот текст.

**Точка 115**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Кочо Рацин“ Битола, во предложениот текст.

**Точка 116**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Никола Карев“ Охрид, во предложениот текст.

**Точка 117**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Боро Менков“ Крива Паланка и ја донесе Одлуката со заклучок во основот за донесување на Одлуката наместо член 74 став (3) да стои член 74 став (4).

**Точка 118**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУУД „Димитар Влахов“ Струмица и ја донесе Одлуката со заклучок во основот за донесување на Одлуката наместо член 74 став (3) да стои член 74 став (4).

**Точка 119**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за доделување на средства на Општинскиот ученичкиот дом „Професор Мијалковиќ“ Куманово и ја донесе Одлуката со заклучок во основот за донесување на Одлуката наместо член 74 став (3) да стои член 74 став (4).

**Точка 120**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУ „Св.Наум Охридски“ Македонски Брод, во предложениот текст.

**Точка 121**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за доделување на средства на Државниот ученички дом „Мирка Гинова“ Битола и ја донесе Одлуката со заклучок во основот за донесување на Одлуката наместо член 74 став (3) да стои член 74 став (4).

*

*          *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:40 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**Мухамед Зеќири**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**Зоран Заев**